# green reader

ЗЕЛЕНА ЧИТАНКА
на македонски

PRINTED ON RECYCLED PAPER
green reader project
CIVIL
greencivil
HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | North Macedonia

# ЗЕЛЕНА ЧИТАНКА

**Скопје, 2022**

ИМПРЕСУМ



**ЗЕЛЕНА ЧИТАНКА**

**Издавач:** ЦИВИЛ - Центар за слобода
**За издавачот:** Џабир Дерала
**Директор, Цивил Медиа:** Горан Наумовски
**Уредничка на публикацијата:** Биљана Јордановска
**Уредувачки колегиум и авторска екипа:** Наташа Малинка Миновска, Дијана Тахири, Дехран Муратов, Драган Мишев и други
**ДТП:** Ариан Мехмети
**Јазична редакција:** Дијана Тахири (превод), Наташа Цветковска (превод), м-р Гордана Ацеска (лекторка)

Печати: ПроПоинт, Скопје
Тираж: 100

Публикацијата е достапна и на медиумската платформа на ЦИВИЛ:
**www.greencivil.mk | www.civilmedia.mk | www.drejt.mk | www.civil.org.mk**

Ставовите изнесени во оваа публикација се одговорност на ЦИВИЛ и на автор(к)ите и не ги одразуваат ставовите на Фондацијата Хајнрих Бел.

License: CC BY-NC-SA 4.0. – Attribution-NonCommercial-ShareAlike

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

502/504(036)

ЗЕЛЕНА читанка / [Наташа Малинка Миновска ... и др.]. - Скопје : Цивил - Центар за слобода, 2022. - 134 стр. : илустр. ; 25 см

Други автори: Дијана Тахири, Дехран Муратов, Драган Мишев

ISBN 978-608-4815-36-5

1. Миновска, Наташа Малинка [автор] 2. Тахири, Дијана [автор] 3. Муратов, Дехран [автор] 4. Мишев, Драган [автор]
а) Екологија -- Водичи

COBISS.MK-ID 58391045

# СОДРЖИНА

**5 Вовед**

**6 ЕКОЛОГИЈА**

6 | Што е екосистем?

9 | Што е еколошка свест?

12 | Обновливи извори на енергија, спас за светот

16 | Еколошка деградација

19 | Загрозени видови

23 | Исцрпување на ресурсите

27 | Длабока екологија

31 | Заштита на животната средина, основа за правото на живот и сите други човекови права

36 | Од екологија кон политичка екологија – природната и социјалната сфера како нераздвојна целина

41 | Климатски промени, опасност од катастрофални последици

**45 ЗЕЛЕНИ ПОЛИТИКИ, ВРЕДНОСТИ И КОНЦЕПТИ**

45 | Што е зелена политика?

48 | Кои се зелените вредности?

51 | Што е циркуларна економија (зелена економија)?

54 | Што е социјална правда?

57 | Што е еднаквоста?

60 | Што е економска, социјална и еколошка благосостојба?





64 | Слобода, антидискриминација и демократија

69 | Човековите права и достоинство како зелени вредности

72 | Како до зелени работни места?

75 | Како до зелен урбанизам?

79 | Зелен план на ЕУ

82 | УНЕСКО и неговото значење за светската зелена агенда

86 | Двете лица на национализмот – од либерална, до екстремистичка идеологија

90 | Изворна (grassroots) демократија, политичко организирање од „базата“

95 | Политички организации, движења и партии на зелените

103 | Феминизам, движења за мир и за социјална правда – сродни зелени движења

106 | Што е глобална одговорност?

109 | Иновации, зошто се тие важни?

112 | Како до одржлив развој?

115 | Децентрализација, предуслов за одржлив развој

119 | Генетски модифицирана храна

122 | Движење за конзервација

126 | Кои се најпознати слогани на зелените низ светот?

131 | Речник/Поимник

135 | Корисни извори

Зелена читанка е едукативна публикација чии содржини се лесно разбирливи и даваат широк спектар на дополнителни информации за продлабочување на знаењата од областа на екологијата и зелените политики.





ЕКОЛОГИЈА

# Што е екосистем?

Природата е извор на животот. Нашата благосостојба е во директна зависност и поврзаност со благодатите кои што ги добиваме од неа. Здравата и чиста природа ни овозможува основни услови за безбеден живот и материјални придобивки, но  и нематеријални придобивки во вид на уметничка инспирација, културен и духовен раст и развој.

Животната заедница во природата мора да зазема некаков простор, во кој членовите на таа заедница на организиран начин ги задоволуваат своите животни потреби: движење, исхрана, пронаоѓање засолништа и заштита... Највисоко ниво на организација на животот во природата на нашата планета претставуваат екосистемите. Тие функционираат според многу сложени еколошки закони и принципи.

Екосистемите се основни функционални единици во екологијата, кои ги вклучуваат организмите (животната заедница) и животниот простор (абиотичкото опкружување).

Со други зборови, екосистемите претставуваат збир на различни живи организми (биоценоза) и неживи компоненти (биотоп) на животната

средина, кои се тесно поврзани со протокот на материјата и енергијата. Секоја од компонентите влијае врз карактеристиките на другата. Двете компоненти се еднакво значајни за одржување на животот на Земјата.
Самиот поим „екосистем“ е осмислен од британскиот еколог сер Артур Џорџ Тенсли во 1935 година, кој ги опишал природните системи како ентитети што се наоѓаат во постојана размена, меѓу нивните живи и неживи елементи.
Единството на екосистемите почива на меѓусебното влијание на живите суштества и неживата околина: земјиште, вода, воздух, температура, влажност. Екосистемите се мошне сложени и динамични системи. Секоја промена на која било од нивните компоненти се одразува на системот во целост.
Во секој екосистем постојат три типа односи меѓу неговите компоненти:
Акции – кои ги претставуваат ефектите на биотопите (нежива природа) врз живите суштества што ја населуваат..
Реакции – ефектите на живите суштества врз биотопот (живите суштества се приспособуваат кон промените во условите во биотопот и во исто време ја менуваат животната средина).
Коакции – меѓусебни влијанија меѓу самите организми (ним им припаѓаат сите односи на исхрана во биоценозата и цела низа на конкурентни односи – за простор, за храна).
Биоценозата и биотопот заедно претставуваат еколошки систем во кој енергијата тече, а материјата





циркулира меѓу двете компоненти на системот и во секоја од нив.
Органската продуктивност на екосистемите ја претставува вкупната количина формирана органска материја, која сите организми, на различни трофични нивоа (во синџирот на исхраната), ја произведуваат во одреден временски период по единица површина или волумен.
Таа се состои од:
Примарна продуктивност – вкупната количина органска материја произведена од производителите.
Секундарна продуктивност – вкупната количина органска материја произведена од потрошувачите.
Со менувањето и уништувањето на природните живеалишта, се намалува биодиверзитетот (биолошка разновидност на живи видови), се прекинуваат синџирите на исхрана, а со тоа и трансферот на енергија и супстанции во екосистемот.
За да се заштитат ретките и загрозени органски видови, основен услов е заштита на нивните природни живеалишта. За таа цел, потребно е да се спроведе евидентирање на загрозените видови, нивна заштита со закон, прогласување на живеалиштата на заштитените видови како строги, природни резервати, каде што човечката активност е минимална и формирање национални паркови како најсеопфатен вид заштита.

# Што е еколошка свест?

Во минатото се сметало дека природата е неисцрпен извор на богатство, а моќта на човековиот ум ја определувала неговата способност да ја потчини и да ја присвои. Односот на поединецот и општеството кон животната средина, кој околу две столетија се темелел врз антропоцентризам, доведува до низа глобални, регионални и локални еколошки проблеми, кои кулминираат со еколошка криза. Како резултат на настанатата реалност, суштински се менува претходниот дискурс и почнува да се поттикнува развитокот на еколошката свест.

Денес се бара нов пристап во општествениот развој и развивањето на одговорноста кај поединците и општествените заедници за заштита и зачувување на животната средина.

Еколошката свест произлегува од емпириското (искуственото) знаење, но се јавува и како резултат на емпириските истражувања. Таа не вклучува само сознанија за промените во природата (предизвикани од човековата активност), туку и знаења за можните начини на решавање на еколошките проблеми и еколошката криза.





Во обид да се заштити животната средина, еколошката свест претставува критика за еколошката состојба, но и сознание за потребата од заштита на животната средина од натамошно уништување.

Таа претставува и историска категорија, бидејќи се појавува во определен период од развитокот на општествените односи кон природата.

Свесноста за животната средина подразбира подготвеност на поединци, социјални групи и организации активно да се вклучат во нејзината заштита. Да се биде еколошки свесен, значи навреме да се лоцира проблемот во животната средина, да се размислува креативно за неговото решение и да се има претходно знаење за природата.

Еколошката свест е различно дефинирана и зависи од определени теоретски, односно филозофски пристапи. Накратко, таа се дефинира како свест за животната средина, која се состои од сфаќања, однесувања, мотивации, дејства, желби и очекувања за човековата природна, животна средина.

Еколошката свест претпоставува: сознанија за ограниченоста на природата (на која интегрален дел е човекот), сознанија за причините што водат до еколошка криза и нејзина глобализација, сознанија за неопходноста од укинување на човековата доминација над природата и воспоставување динамична рамнотежа меѓу природниот и општествениот систем, свесност за глобалниот карактер на еколошката криза и можните решенија, свесност за потребата од глобална стратегија за социјален развој во сите негови домени (образовни,

политички, културни, индустриски, економски), како и свесност за постоењето на општествените сили што можат да донесат реформи.
Еколошките вредности и однесување, сознанијата и ставовите за животната средина претставуваат компоненти на еколошката свест. Таа содржи и неколку димензии (аспекти): теоретска димензија (научно мислење), вредносна димензија (цели), социјална димензија (идеја за нова заедница), историска димензија (можности), политичка димензија и субјективна димензија (претпоставки, верувања и желби).
За подигнување на нивото на еколошката свест и нејзиното натамошно обликување, потребно е најшироко и континуирано информирање преку медиуми (пишани и електронски), трибини, стручна литература, еколошки активизам на невладините и владините организации, како и преку формално и неформално образование, почнувајќи од најрана возраст.





# Обновливи извори на енергија, спас за светот

Електричната енергија е составен дел од секојдневниот живот на луѓето. Ако општеството ја нема, речиси е невозможно нормално да функционира. Со неа луѓето ги затоплуваат домовите, патуваат, работат и ги извршуваат сите неопходни работи.
За да добијат луѓето електрична енергија или енергенси за транспорт, светот во најголем дел ги користи фосилните горива (јаглен, нафта и гас) и нуклеарната енергија. Овие горива се загадувачи на животната средина, кои најмногу влијаат врз климатските промени.
Затоа, светот има друг избор за производство на енергија, а тоа се обновливите извори на енергија. Но што значат тие и како се користат?
Обновливите извори на енергија или чистата енергија претставуваат неисцрпни извори што постојано се обновуваат и доаѓаат од природата. Сонцето, водата, ветерот и биомасата се водечките обновливи извори на енергија.

## ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА: СОНЦЕ

Енергијата од сонцето е на првото и најзначајно место во обновливите извори. Енергијата што ја ослободува сонцето е безбедна и најмалку штетна за животната средина. Искористувањето на сонцето денес го користиме преку сончеви панели за создавање струја, соларни колектори за вода, светилки, автомобили со погон на сончева енергија и сл.

Научниците проценуваат дека сонцето може да ја задоволи светската потрошувачка на енергија. Вкупното количество сончева енергија што во една секунда пристигнува до површината на нашата планета е 384,6 септилион вати, што е илјадници пати повеќе од вкупната потрошувачка на енергија во светот за цела година, која во просек е три трилиони вати.

## ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА: ВЕТЕР

Енергијата на ветерот е една од најголемите богатства, бидејќи ветерот е распределен насекаде низ светот. Ако пред неколку века луѓето го користеле ветерот за движење на бродовите, денес се градат ветерни турбини.

Државите почнаа да создаваат цели ветерни паркови со турбини, кои благодарение на ветерот, создаваат електрична енергија. Наједноставно, ветерот ги врти перките на турбината, чија оска е поврзана со генератор што создава електрична енергија.





## ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА: ВОДА

Енергијата од водата или хидроенергија е користење на силата на водата за добивање електрична енергија. Првото искористување на водата како извор на енергија светот го памети низ примерот на старите воденици за мелење брашно, а денес преку хидроцентралите. Најголемо учество во производството на чиста електрична енергија имаат малите хидроцентрали што се лоцирани најчесто на реките. Течната вода со помош на хидраулична турбина што е поврзано со електрична машина создава електрична енергија.

За хидроцентралите, научниците се со поделени мислења. Иако е неспорен фактот дека даваат чиста енергија, од друга страна, нивната изградба сериозно ја уништува природата. Со сечењето на шумите за да се изградат хидроцентралите, се загрозува биодиверзитетот и предизвикуваат сушење на реките.

Во 2020 година Светскиот фонд за природа (WWF), „BirdLife“ и други невладини организации побараа од Европската Унија да воведе законска рамка за изградба на хидроцентралите, бидејќи нивните анализи покажале дека популацијата на слатководни риби е намалена за 93 проценти од 1970 година.

## ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА: БИОМАСА

Биолошки разградливите делови од животинско или растително потекло се користат за да се добие биомаса. Исто така, се добива биогас од животинско ѓубриво и други култури.
Со нивната преработка се добива енергија што се користи во домаќинствата. Од биомасата може да се добијат биогорива за транспорт, биотоплина или биоструја. Еден пример за искористување на биомасата од дрвените остатоци е добивање палети корисни за затоплување на домот. Согорувањето на палети испушта за 20 пати помалку штетни гасови од огревното дрво.
Сепак, иако во помал размер, палетите учествуваат во загадувањето на животната средина.
Светот во последните пет години направи сериозен исчекор во инвестирање во обновливи извори на енергија. Анализите на Меѓународната агенција за обновлива енергија (IRENA) говорат дека една третина од произведената енергија е од овие извори. Проценките се дека до 2050 година 65 проценти од енергијата ќе биде произведена од обновливи извори на енергија.





# Еколошка деградација

Како човечки суштества, сите ние сме неразделен и комплексен дел од природата на нашата планета Земја. Егзистираме искористувајќи ги ресурсите што ни ги обезбедува таа – воздух, вода, земја, храна. Нашиот начин, односно стил на живеење треба да подразбира усогласеност со законите што владеат во природата. Секое нарушување на тој однос ѝ нанесува штета на животната средина, која, пак, директно влијае врз сите нас и предизвикува страдање.
Во текот на историјата, човековата активност не влијаела значително врз животната средина, сè до развојот на индустријата и технологијата. Првите промени предизвикани од човекот се должат на неговата физичка активност и физиолошките потреби. Но со создавањето и развитокот на општествените заедници, започнува влијанието врз животната средина во значителен обем.
Ерата на напредни технологии и економии во која живееме наметнува модел на општествено однесување, кој е базиран врз принципите на максимално зголемување на профитот и потрошувачката. Во таа смисла се креира

и антропоцентричниот став, кој создава илузијата дека човекот е надмоќен во однос на природата.

Со неверојатниот пораст на населението, побарувачката на природните ресурси и интересот за намалување на трошоците сѐ повеќе се претвораат во експлоатација и уништување на природните екосистеми, но и акумулација на отпад.

Во текот на минатиот век, а особено во текот на последните педесет години, луѓето извршиле значајни промени и огромни негативни влијанија во рамките на животната средина на глобално ниво.

Прекумерното нарушување се која штетна и непосакувана промена или нарушување и видоизменување на животната средина преку исцрпување на ресурсите, како што се: воздухот, водата и квалитетот на почвата, а кое предизвикува уништување на екосистемите и природните живеалиштата, изумирање на некои видови диви животни и загадување, може да се дефинира како деградацијата на животната средина. Едноставно кажано, кога природните живеалишта се уништени или природните ресурси се исцрпени, животната средина е деградирана.

Меѓународната стратегија за намалување на катастрофите на Обединетите нации ја дефинира деградацијата на животната средина како „намалување на способноста на животната средина да ги исполни социјалните и еколошките цели и потреби“.

Еколошката деградацијата се јавува во многу различни облици, а со себе ги носи последиците о: губењето на биодиверзитетот, недостигот на вода за пиење,





климатските и температурните промени, климатските промени и врнежите, порастот на населението, земјоделството, управувањето со вода.

Сите овие предизвици со кои се соочуваат современите цивилизации во крајна линија имплицираат сериозни нарушувања на здравјето кај луѓето, но и сериозен економски пад на општествата.

Напорите за борба против еколошката деградација вклучуваат заштита на животната средина и управување со еколошките ресурси преку креирање и спроведување на корисни политики од страна на владите во државите, како и континуирано едуцирање на населението за подигнување на еколошката свест.

Светот прави импресивни обиди за минимизирање на штети што ѝ се нанесени на животната средина, земајќи го предвид порастот на населението и урбаниот развој.

# Загрозени видови

Нашата планета е населена со неверојатен број најразлични видови живи суштества (биодиверзитет, биоразновидност). Од овој ресурс зависат сите идни генерации, бидејќи тој претставува врска меѓу сите организми на Земјата. Биодиверзитетот е предуслов за здравјето на планетата, а секое негово нарушување има директно влијание врз квалитетот на живеењето.

Во текот на историјата на животот на земјата видовите се појавувале, еволуирале, поттикнувале нови видови и исчезнувале. Овие појави се дел од природниот процес на животот што постојано се одвива. Истребувањето е неизбежен и очекуван дел од циклусот.

Во изминатите петстотини милиони години познати се пет масовни умирања, кои речиси го збришале целокупниот живот на Земјата, а причините за тие појави се климатските промени, геолошките и астрономските настани.

Но во последно време сме сведоци на зачестени промени во рамките на целокупниот жив свет и неговата природна средина, се поинтензивното загрозување, па дури и изумирање на најразлични растителни и животински видови.

Тие промени, кои се со огромен опсег и интензитет на дејствување (речиси насекаде и еднакво на Земјината топка), се должат на негативното влијание на човекот врз природата.



Зелена читанка

Проучувањата на животинските видови што се соочуваат со висок ризик од исчезнување, од страна на научниците и конзерваторите, всушност, се однесуваат на загрозените видови. За загрозени видови се сметаат природните видови што се соочуваат со значителен ризик од истребување во блиска иднина, во текот на целиот или значителен дел од својот опсег.

## ПРИЧИНИ ЗА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА ВИДОВИТЕ

- Уништување на природните живеалишта
- Контаминација
- Лов и риболов
- Колекција на видови за зоолошки градини и експериментално истражување
- Воведување егзотични видови
- Климатски промени
- Природни непогоди
- Опсег на дистрибуција на видови.

Сите ресурси (кислородот што го дишеме, храната што ја консумираме и водата што ја пиеме) што ни овозможуваат елементарен начин на живот, доаѓаат од биодиверзитетот на планетата. Со неговото нарушување и загрозување се компромитира и опстанокот на тие ресурси.

Научниците веруваат дека холоценското (сегашното) масовно изумирање започнало пред 11-12 илјади години, со појавата на модерниот човек и сè уште трае. Неоспорно, за ова шесто масовно изумирање виновник

е човекот. Сознанијата за интензитетот на последиците од овие процеси се фасцинантни, а предвидувањата морбидни.
Поимот за загрозен вид првично бил користен само од страна на биолозите и еколозите. Неговото правно значење е стекнато кога земјите низ светот, под притисок од еколошките движења, усвоиле закони што дефинираат одредени видови како загрозени.
Во согласност со овие закони, се преземаат различни мерки за спречување на истребувањето на овие видови. Еден од првите и основни чекори во заштитата на видовите е да се утврди степенот и причините за загрозеноста на видовите во одредени географски области. За овие цели се користат црвени книги и црвени листи. Црвената листа е листа на загрозени видови, распоредени по категории (според сериозноста на статусот на загрозеност), додека Црвената книга содржи подетални информации за основните карактеристики на видот, степенот на неговата загрозеност, факторите на загрозување, како и предлог-мерки за заштита на видот.
Најпознатата листа на загрозени видови на глобално ниво е Црвената листа на загрозени видови на IUCN (Меѓународна унија за заштита на природата). Во моментов, на Црвената листа на IUCN има повеќе од 116.000 видови, а повеќе од 31.000 видови се загрозени со истребување.
Многу нации имаат донесено закони што ги штитат загрозените видови, со кои, на пример, забрануваат лов, го ограничуваат развојот на земјиштето или





создаваат резервати.
Обединетите нации го прогласија 22 Мај за Меѓународен ден на биолошката разновидност за да се нагласи големата улога на биолошката разновидност како глобална вредност од непроценливо значење за сегашните и идните генерации.
Овој ден нè потсетува на богатството и разновидноста на животот на Земјата и неговата важност, што секако нè наведува да се запрашаме: „Што може да направи секој од нас?“

*„Земјата обезбедува доволно за потребите на сите, но не и за алчноста на сите.“*
*Махатма Ганди*

# Исцрпување на ресурси

„Сè уште имаме можност да креираме нов пат, кој ќе ни овозможи одржлив заеднички живот со дивината“ - Кен Норис

Својот биолошки и социјален развој човекот го остварува во рамките на животното опкружување (животната средина), задоволувајќи ги своите егзистенцијални потреби како биолошко суштество. Во тие рамки тој пронаоѓа ресурси и простор за економска активност, што претставува основа за развојот на секое цивилизирано и современо општество.

Сè позачестено, многу од ресурсите што порано му биле обилно достапни на човекот, стануваат оскудни или исцрпени. Исцрпувањето на природните ресурси е дефинирано со премисата според која вредноста на еден ресурс се мери со неговата достапност во природата.

Природниот ресурс може да постои како посебен ентитет (свежа вода, воздух и земја) или како суровина на која ѝ треба натамошна обработка (руди, други елементи и повеќето извори на енергија).

Некои од природните ресурси се обновливи, додека други не се. Кога природните ресурси неселективно и прекумерно се експлоатираат, доаѓа до постепено намалување на нивниот квантитет и квалитет, сè до нивно исцрпување. Ова вообичаено се случува со необновливите природни ресурси, кои ги има во ограничени количини и за кои се потребни милиони години за нивно повторно формирање.

Исцрпувањето на ресурсите претставува нивна потрошувачка, со темпо побрзо отколку што таа може да се надомести. Причините за исцрпување на природните ресурси можат да бидат природни или вештачки. Некои од овие причини се пренаселеност, лоши земјоделски практики, сеча на дрвја, ископување и истражување на минерали, загадување и контаминација на природните ресурси, индустриски и технолошки развој, прекумерна потрошувачка и отпад.

Потрошувачката расте и моментно е многу повисока отколку што тоа Земјата може да го издржи. Исцрпувањето на природните ресурси остава силни последици врз човекот и животната средина каде што се наоѓаат овие ресурси.

Ефектите од исцрпувањето на природните ресурси се загадување на воздухот, губење на биолошката разновидност и евентуално исчезнување на видовите, недостиг на вода, намалување на минералните резервоари, губење на шумската покривка, глобалното затоплување, здравствени проблеми и економски неуспеси.

За заштита или зачувување на природните ресурси, се преземаат различни иницијативи што промовираат рамномерна експлоатација, одржлив развој и одговорна потрошувачка. Ваквите иницијативи доаѓаат од авторитети што се занимаваат со дисциплини како

што се конзерваторската биологија и управувањето со животната средина и природните ресурси.

Постојат примери за еколошки иницијативи, како што се развој на обновливи енергии или зелени енергии (сончева, ветерна, геотермална енергија), кои покрај тоа што се неисцрпни, имаат и помало влијание врз животната средина.

Има многу чекори што можат да се преземат за решавање на проблемот со исцрпување на природните ресурси, почнувајќи со промена на животниот стил на луѓето, спроведување политички и други мерки со поддршка од пошироката јавност.

Примери за тоа се: практикување на животен стил што ја поддржува одржливоста, пошумување и зачувување на шумите, користење алтернативни извори на енергија (особено обновлива енергија), правна заштита на водните ресурси, одржливи земјоделски практики, образование, намалување на потрошувачката, употреба на електрични автомобили, повторна употреба и рециклирање на отпадни материјали, органско градинарство...

Марко Ламбертини, генерален директор на Светска организација за заштита на природата - WWF (World Wide Fund for Nature) ќе рече:

„Природата со векови ги одржуваше и ги поттикнуваше нашите општества и економијата до денешен ден. За возврат, човештвото ја смета природата и нејзините услуги за разбирлива сама по себе и немилосрдно ја уништува. Време е да сфатиме дека здрава и трајно одржлива иднина можеме да имаме само на планета





со здрава природа, во чии шуми, океани или реки живеат многубројни животински видови. Мора итно да најдеме начин како да ја користиме и цениме природата, културолошки, економски и политички. Нам ни е потребен нов глобален договор за природата и човештвото“.

# Длабока екологија

„Човекот на оваа планета може да се спаси само доколку води сметка, освен за својот живот, и за сè живо, почитувајќи го својот живот колку и животот околу себе“, рекол Херберт Грул (германски политичар, еколог и писател. Тој е најпознат како автор по неговата книга од 1975 година „Планетата е ограбена – хорор на нашата политика (A Planet is plundered - The horror of our politics).

Длабоката екологија (Deep ecology) е еколошка филозофија што ја промовира вродената вредност на сите живи суштества без оглед на нивната инструментална корист за човечките потреби и реструктурирање на современите човечки општества во согласност со таквите идеи.

Според енциклопедијата Британика, длабоката екологија како општествено движење се заснова врз верувањето дека луѓето мора радикално да го променат својот однос кон природата од однос што ја вреднува природата исклучиво поради нејзината корисност за луѓето во однос што признава дека природата има вродена вредност. Понекогаш наречена „екософија“, длабоката екологија нуди дефиниција за себството што се разликува од традиционалните поими и е општествено движење што понекогаш има религиозни и мистични призвуци.

Фразата потекнува од 1972 година од норвешкиот филозоф Арне Неес (Arne Naess), кој заедно со американскиот екологист Џорџ Сешнс (George Sessions), развил платформа од осум организациски принципи за социјалното движење за длабока екологија. Длабоката екологија се разликува од другите видови екологија со тоа што дава пошироки и основни филозофски тврдења за метафизиката, епистемиологијата и социјалната правда.





## ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ НА ДЛАБОКАТА ЕКОЛОГИЈА

Благосостојбата и буењето на човечкиот и нечовечкиот живот на Земјата имаат вредност сами по себе. Овие вредности се независни од корисноста на нечовечкиот свет за човечки цели.

Богатството и разноликоста на животните форми придонесуваат за остварување на овие вредности и тие се исто така вредности сами по себе.

Луѓето немаат право да го намалуваат ова богатство и разноликост, освен за да ги задоволат животните потреби.

Буењето на човечкиот живот и култури е соодветно со суштествено намалување на човечкото население. Буењето на нечовечкиот живот бара такво намалување.

Сегашното човечко вплеткување со нечовечкиот свет е прекумерно, а состојбата забрзано се влошува.

Доминантната општествено-политичка состојба на живеење мора поради тоа да заврши. Ова ќе влијае коренито врз економските, технолошките и

идеолошките состави. Исходот од состојба на работите ќе биде длабоко различна од сегашната.
Идеолошката промена е главно содржана во почитувањето на вредноста..., одошто во останување верен кон напреден повисок стандард на живеење. Ќе има длабока свест на правење разлика меѓу големо и значајно.
Оние што се сложуваат со претходните точки, имаат обврска директно или индиректно да учествуваат во обид да се спроведат неопходните промени.
Длабоката екологија тврди дека природниот свет е комплекс на односи во кои постоењето на организмите зависи од постоењето на други во екосистемите. Тој тврди дека невиталното човечко мешање или уништување на природниот свет претставува закана не само за луѓето туку и за сите организми што го сочинуваат природниот поредок.
Основниот принцип на длабоката екологија е верувањето дека животната средина како целина треба да се почитува и да се смета дека има одредени основни морални и законски права да живее и да цвета, независно од нејзините инструментални придобивки за човечка употреба.
Длабоката екологија често е врамена во однос на идејата за многу поширока општественост; ги препознава различните заедници на животот на Земјата што се составени не само преку биотски фактори, туку каде што е применливо, преку етички односи, односно вреднување на другите суштества како повеќе од само ресурси.





Длабоката екологија зазема холистички поглед на светот во кој живеат луѓето и се обидува да го примени во животот разбирањето дека одделните делови од екосистемот (вклучувајќи ги и луѓето) функционираат како целина. Филозофијата се однесува на основните принципи на различните еколошки и зелени движења и се залага за систем на еколошка етика што се залага за зачувување на дивината, неприсилни политики што го поттикнуваат намалувањето на човечката популација и едноставен живот.
Поборниците на длабока екологија го апострофираат катастрофалното влијание на индустриската цивилизација врз природата и препорачуваат нејзино напуштање. Како причина го наведуваат фактот дека сите досегашни видови развој безусловно водат кон осиромашување на природните ресурси и дека проблемите со животната средина остануваат нерешени.
Оваа школа го цензурира антропоцентричниот пристап во односот земја - човек, и проширувајќи го моралот и правдата, ги прокламира правата на природата. Имено, не е човекот единствениот што има права; права имаат и растенијата и животните, па дури и неорганските елементи. Ништо не ја легитимира човековата амбиција да ја експлоатира природата. Напротив, тој ја должи својата почит кон неа и кон нејзините креации.

# Заштита на животната средина, основа за правото на живот и сите други човекови права

Животната средина, нејзината заштита и зачувување е една од најактуелните теми на денешницата за која се дебатира меѓу припадниците на општата популација, стручната и политичката јавност.
И покрај широкиот спектар толкувања на терминот животна средина, како синоним најчесто се употребува терминот природно опкружување. По аналогија тука се редат: водата, воздухот и почвата, потоа и растенијата, животните и микроорганизмите, и најпосле, економските, социјалните и политичките елементи креирани од човекот.
Цел еден комплекс од физички, биолошки и културни





елементи се меѓусебно поврзани на различни начини, како на индивидуално, така и колективно ниво. За постоењето на животот на Земјата, клучно значење има природната околина (опкружување), која му овозможува опстанок на целокупниот жив свет.
Поимот животна средина датира од крајот на 70-тите години од XX век, а потекнува од францускиот збор „environ",што значи опкружување. Во него се содржани: природните, биотички (човечките суштества, растенијата, животните, микробите) и абиотичките фактори (светлината, водата, воздухот, почвата), како и создадените вредности, чии комплексни меѓусебни односи го сочинуваат опкружувањето, односно просторот и условите за живот.
Постои мноштво од дефиниции за животната средина, како, на пример:
– „Агрегат на сите надворешни сили, влијанија и состојби што влијаат врз животот, природата, однесувањето и растот, развојот и зрелоста на живите организми." (Douglas and Holland)
– „Збир на сите состојби и влијанија што дејствуваат врз развојот и животот на сите органи." (T.N. Khoshoo)
– „Физичко опкружување што е заедничко за сите нас, вклучувајќи го воздухот, просторот, отпадот, земјата, растенијата и животинскиот свет." (Simon Ball and Stuart Bell)
– „Неразделен, целосен систем составен од физички, хемиски, биолошки, социјални и културни елементи, кои се поврзани индивидуално и колективно на огромен број начини." (Kalavathy)

Опстанокот на човечките заедници во минатото честопати бил загрозен од природните катастрофи, епидемии, војни, недостиг на храна и други влијанија на локално ниво.
За разлика од егзистенцијалните кризи на минатото, денешните кризи не произлегуваат од природни непогоди од локален карактер, туку од глобалниот раздор на целокупната индустриска цивилизација во идеолошко-материјална смисла.
Човекот и животната средина се неразделно поврзани. Тој, како единка, не само што живее во неа туку поттикнат од желбата за присвојување на материјални добра, постојано ги користи нејзините ресурси и дејствува врз неа.
Со исчезнувањето на хармоничниот однос меѓу човекот и природата, почнува процесот на загадување и уништување на животната средина. Од 1990 година клучни проблеми на животната средина се: ефектот на стаклена градина и глобалното затоплување, појавата на озонските дупки, киселиот дожд и уништувањето на тропските шуми, загадениот воздух, вода, почвата, ерозија на почвата, опустошување на шумите.
Вистинското будење на свеста и поголемиот интерес за животната средина и нејзината заштита најпрво се појавува во најразвиените индустриски земји на Запад, а подоцна интересот се шири во другите земји во светот. Заштитата на животната средина е еколошка дисциплина, која го проучува човековото влијание врз животната средина.
Концептот за заштита на животната средина





подразбира збир од активности на човекот, чија задача е да ја зачува незагадената, недеградираната средина или нејзините индивидуални елементи, естетски карактеристики и функции (на животната средина).
Пристапот треба да се смета како мултидисциплинарен, бидејќи претпоставува постојана обврска на сите граѓани во општеството. Секое нарушување на состојбата на животната средина доведува до еколошки нарушувања и нарушувања на општествените односи, кои се меѓусебно поврзани и условени.
Како резултат на подигнувањето на нивото на свесноста на државите за поврзаноста меѓу процесите во природата, изразената деградација на животната средина и влијанието на човекот врз неа, во втората половина на XX век се донесени неколку важни декларации од областа на заштитата на животната средина, а склучени се и голем број меѓународни договори под покровителство на ОН:
На Првата меѓународна конференција во Стокхолм 1972 година е донесена Стокхолмската декларација за човековата околина.
На Втората меѓународна конференција во Рио де Жанеиро 1992 година се донесени: Рио Декларацијата, Агенда 21, Рамковната конвенција на ОН за заштита и развој на животната средина, Конвенцијата за биолошка разновидност и Правно необврзувачката декларација за принципите за постигнување глобален консензус за управување со шумите.
Во Кјото 1997 година е донесена рамковната Конвенција на ОН за климатските промени.

Во светски рамки се проценува дека постојат повеќе од 700 мултилатерални спогодби и повеќе од 1000 билатерални спогодби, во контекст на различни аспекти на животната средина, а Европската Унија има одобрено над 200 прописи за заштита на животната средина.
Според член 31 од Универзалната декларација за човековите права на ОН: „Секое човечко суштество има право на одржување на еколошката рамнотежа во својата животна средина што ја делат со сите други живи суштества, животни и растенија, чијшто опстанок, како и гаранцијата за сопствениот опстанок, треба да биде обезбеден“.
Тоа би значело дека правото на живот како витална основа за уживање на сите други човекови права го вклучува и правото на заштита на животната средина, а зачуваната и заштитена животна средина е основа за уживање на правото на живот.



Зелена читанка

# Од екологија кон политичка екологија – природната и социјалната сфера како нераздвојна целина

Политичките еколози тврдат дека во практиката природната и социјалната сфера се нераздвојни. Природата и општеството непрекинато се испреплетуваат низ процесот на коеволуција. Политичката екологија се развила како пристап, кој на еден нов сеопфатен и исправен начин може да се занимава со сложените општествено-природни феномени.
Еколошкиот начин на размислување, историски гледано, бил познат уште од античките времиња, а се појавил како резултат од потребата за обезбедување храна, како и поради конкуренцијата што постоела

меѓу човекот и другите живи суштества.
Еколошките проблеми станале предмет на истражување и решавање во оној момент, кога нарушената еколошка рамнотежа, не ја засегнала само работничката, туку и буржоаската класа во тогашните општества.
Со нужноста за решавање на горчливите еколошки прашања, на интердисциплинарен начин се појавила една од поновите научни дисциплини, наречена политичка екологија.

## ОД ЕКОЛОГИЈА ДО ПОЛИТИЧКА ЕКОЛОГИЈА

Екологијата како наука во вистинска смисла на зборот се појавува релативно доцна, дури во втората половина на XIX век, а сериозно се развива во педесеттите години од минатиот век, во услови кога економската активност на човекот почнува трајно да ја деградира животната средина, со што ги менува условите на својот развиток или го загрозува сопствениот опстанок.
Меѓусебните односи на живите суштества, но и односите на живите суштества со својата животна средина се предмет на проучување на екологијата како научна дисциплина.
Еколошките проблеми станале предмет на истражување и решавање во оној момент кога нарушената еколошка рамнотежа не ја засегала само работничката, туку и буржоаската класа во тогашните општества.
Развитокот на екологијата бил тесно поврзан и со сознанието дека економскиот просперитет доаѓа во судир со општествениот прогрес поради нарушувањето





на природната рамнотежа, со прекумерното покорување на природата и безумното искористување на природните ресурси.
Во услови кога за овие егзистенцијални проблеми за опстанок на целата природа не можело да се најде решение преку конвенционалните политички институции започнале со активност еколошките движења. На тој начин било поттикнувано подигнувањето на еколошката свест во доменот на поширока јавност, но и во разнородните сфери на научните дисциплини.
Со нужноста за решавање на горливите еколошки прашања, на интердисциплинарен начин, се појавила една од поновите научни дисциплини, наречена политичка екологија.

## ПОЛИТИЧКА ЕКОЛОГИЈА – ИДЕОЛОГИЈА ЗА ЕКОЛОШКИ ОДРЖЛИВ ОПШТЕСТВЕН РАЗВОЈ

Политичката екологија е производ на географијата, екологијата и развојните студии, но исто така таа е поврзана со академизмот на разновидните научни дисциплини како што се: филозофија, социологија, политички науки, економија, биологија и екологија, но и зелениот активизам во една сеопфатна целина .Подоцна, таа им го привлекува вниманието на областите како што се: антропологијата и технолошките студии, феминизмот и јавното здравје.
Политичките еколози тврдат дека во практиката, природната и социјалната сфера се нераздвојни .

Природата и општеството непрекинато се испреплетуваат низ процесот на коеволуција.
Политичката екологија се развила како пристап, кој на еден нов сеопфатен и исправен начин може да се занимава со сложените општествено-природни феномени.
Многумина ја нарекуваат трансдисциплинарна, наддисциплинарна или дури и неопределена поради вградените теории, методологии и практики од различни извори на знаења. Сепак, таа станува силна, развивајќи се постојано.
Постојат две тврдења кои претставуваат главни столбови, на кои почива политичката екологија. Првото од нив, се однесува на деградацијата на природните ресурси, која не е резултат на општото зголемување на бројот на населението, туку на неразумното користење на ресурсите за прекумерно производство и потрошувачка на производите (некому тоа му носи корист, а некому опасност по животот и опстанокот).
Според второто тврдење, ништо во природата не е едноставно природно. Иако политичката екологија се потпира на силното еколошко размислување, таа исто така препознава дека она што го знаеме за природата и претставата што ја имаме за неа е резултат на историската асиметрија на моќта, односно знаењето.
Политичка екологија (позната како Зелена политика или Екополитика) е политичка идеологија, која има цел да поттикне еколошки одржливо општество, длабоко вкоренето, во амбиент на ненасилство, социјална и еколошка правда, почитување на човековото





достоинство и човековите права, слобода, демократија, еднаквост, владеење на правото, недискриминација, антинационализам, економска, социјална и еколошка благосостојба.
Под влијание на оваа идеологија во западниот свет во седумдесеттите години од минатиот век се формирале политички партии што ја практикуваат зелената политика. Оттогаш наваму тие се развиваат и постигнуваат определени успеси во изборните процеси и на политичката сцена.

# Климатски промени, опасност од катастрофални последици

Екстремно топли лета, појава на суши, долги суви зими и поинтензивни дождови проследени со поплави се главните појави што најдобро ги опишуваат климатските промени. Но што значат климатските промени и зошто толку се говори за нив?

Основна дефиниција: Климатски промени се долгорочни промени во глобалната или регионалната клима, кои најчесто се случуваат поради раст на глобалната температура.

Кога промените се случуваат природно, тоа е бавен процес што се одвива стотици години, додека сегашните климатски промени се случуваат многу побрзо. Човековата активност и употребата на фосилни горива (гас, нафта и јаглен) се најголемите виновници за климатските промени.





Долгогодишното производство и согорување на фосилните горива доведоа до зголемување на т.н. стакленички гасови (greenhouse gas) во атмосферата, односно го предизвикуваат ефектот на стаклена градина. Токму овие гасови ја заробуваат топлината од сончевите зраци во внатрешноста на атмосферата и предизвикуваат зголемување на просечната температура на земјата.

Затоплувањето на земјата влијае врз основните ресурси потребни на човекот, како што се храната и водата. Чистата вода е од витално значење за здравјето на луѓето, но во последните десет години поради глобалното затоплување, водата во огромни количини се губи. Прогнозите на Светскиот институт за ресурси (WRI) се дека до 2025 до 3,5 милијарди луѓе би можеле да доживеат недостиг на вода. Од друга страна, производството на храна се намалува бидејќи долготрајните суши го намалуваат приносот на земјоделските производи.

Ако пред околу 150 години просечната температура на земјината површина била 0,16 C° сега е 1,02 C°. Последните 20 години според податоците од годишните мерење на НАСА (NASA) се рекордно најтопли години.

Научниците се согласни дека трендот на затоплување не може да се запре или да се врати, но дека може да се забави. Поголемиот дел од научните студии предвидуваат дека зголемувањето на температурата за 2 C° најверојатно ќе се случи по 2032 година и тоа е најнепосакуваниот процес во кои ќе се случат незибежни климатски промени како:

Подигнување на глобалното ниво на морињата и океаните за 7-8 метри, ќе принуди околу две милијарди луѓе да ги напуштат живеалиштата во крајбрежните градови.
Сушење на многу делови на Африка што ќе предизвика најмалку 33 милиони луѓе да имаат недостиг од храна.
Топење на ледените плочки на Западен Антарктик, кое придонесува за уште поголемо затоплување на земјата.
Светот го вклучи алармот во 1992 година, кога дел од земјите во Рио де Женеиро ја потпишаа Рамковната конвенција за климатски промени (UNFCCC). Земјите потписнички се согласија на бројни обврски, особено во креирање политики како да се намалат емисиите на стакленички гасови.
Но потегот што ќе се памети во историјата на човештвото е потпишувањето на Меѓународниот договор за климатски промени во Париз (The Paris Agreement) на 12 декември 2015 година, поради фактот што овој договор го усвоија сите 196 земји во светот.
Договорот ги обврзува земјите да ги намалат стакленичките гасови со цел да го забават глобалното затоплување. Целта е глобалната просечна температура да се одржува под 2 C°.
Секоја земја мора да утврди, планира и редовно да известува што конкретно презема за ублажување на глобалното затоплување. За намалување на емисиите на стакленичките гасови треба користењето на фосилните горива да се замени со обновливите извори на енергија. Земјите се обврзаа да се откажат од употребата на јаглен и нафта, да градат ветерници,





да поставуваат соларни панели и да употребуваат хидроенергија. Со овој договор богатите развиени земји се обврзаа и да им помогнат на сиромашните земји за да може и тие да ја напуштат употребата на фосилните горива.
Сепак, човековото однесување е едно од клучните во борбата со овој глобален проблем, како, на пример, повисока свест за животната средина, користење електрични превозни средства, рационално користење на електричната енергија и другите ресурси, грижа за биодиверзитетот, рециклирање и низа други промени во општеството, економијата, политиките и практиките на глобално и локално ниво.

# Што е зелена политика?

Општоприфатена дефиниција е дека поимот политика подразбира дејност што е насочена кон осмислување, организирање, водење и регулирање на заедничкиот живот на луѓето, според нивните потреби, интереси, претстави, цели и средства во определена заедница (најчесто во државата), со согласност или без согласност (со потчинување) на сите.
Политиката има карактер на повеќезначна појава (во контекст на државата), која низ историските етапи ја менувала својата форма и содржина: политиката како „уметност на владеење“, политиката како водење на јавни работи, политиката како средство за решавање конфликти, политиката како остварување моќ, односно располагање со општествените ресурси. Нејзината елементарната поделба



## ЗЕЛЕНИ ПОЛИТИКИ, ВРЕДНОСТИ И КОНЦЕПТИ



најчесто се однесува на внатрешна и надворешна, како и на економска, финансиска, социјална, културна, образовна, научно-техничка, здравствена итн.
Веќе неколку децении живееме во ера на големи промени. Јасно е дека сѐ уште актуелната политика (во голем дел од светот) на човештвото кон природата е неодржлива.
Се поставува прашањето – како да се реши оваа неодржливост на живеењето со ваква економска експанзија? Како да се промени ова индустриско, потрошувачко, материјалистичко општество што ја експлоатира и деградира Земјата? Како да се замени со поинаков социоекономски и политички поредок? Кој ќе овозможи похуман и поодржлив соживот меѓу луѓето и природата?
Сознанието, а со тоа и развојот на свеста за сериозноста на повеќеслојните и сложени проблеми поврзани со опстанокот на човечкиот вид што датира од 60-тите години на минатиот век, ја наметнува потребата од воведување радикални промени во човечкото однесување кон животната средина, но и менување на научниот пристап (од еколошки аспект) во економијата, етиката, правото, биологијата, екологијата...
Како одговор на потребата за интервенција во политичкиот дискурс, се појавува нова алтернативна политичка идеологија, позната како Зелена политика.
Тоа што ја разликува од другите политички насоки е холистичкиот пристап кон сите прашања. Било да се тоа социјални, родови, работни или, на пример, еколошки, проблемите нужно се разгледаат преку сеопфатна

анализа, во даден неуниверзален контекст и соодветно на тоа се решаваат.

Зелената политика (или екополитиката) нуди решенија за имплементација на еколошки одржливо општество, втемелено во животната средина, во амбиент на ненасилство, социјална и еколошка правда, почитување на човековото достоинство и човековите права, слобода, еднаквост, владеење на правото, недискриминација, антинационализам, економска, социјална и еколошка благосостојба, почитување на различностите, базната и партиципативна демократија.

Како идеологија таа се оформува во 70-тите години од минатиот век, во западниот свет, а наоѓа своја практична реализација во тогашните граѓански движења.

Некои од граѓанските движења (како резултат на политичкиот подоцна прераснуваат во силни граѓански организации, кои дејствуваат надвор од политичките структури на моќта. Речиси во исто време се појавуваат и првите зелени политички партии, кои се залагаат за определбите на ненасилство и мир, во согласност со постулатите на зелените политики.

Во современите општества, во агендите на политичките партии што се декларираат како зелени, се промовираат подинамични и понепосредни активности (во рамките на локалната самоуправа) за соработка и вклучување на граѓаните, со цел поуспешно спроведување на зелените политики.





# Кои се зелените вредности?

Вредностите во едно општество претставуваат цивилизациска и културолошка придобивка, кои може да се дефинираат како позитивен однос кон идеите од поширок општествен интерес, кој, пак, се искажува низ подготвеноста за остварување и одржување на тие идеи.

Во својот животен век човекот постојано воспоставува определени односи со заедницата и околината во која суштествува. Она што влијае врз начинот на неговото однесување е најопштото верување – вредност – за тоа што е добро, посакувано, корисно, односно за тоа што е непосакувано и недопустливо.

Во определен период при развојот на модерните општества и цивилизации, со човековата самореализација изразена низ доминација, искористување и покорување на природата стануваат видливи првите еколошки кризи.

Преку препознавање на еколошките проблеми и преиспитувањето во некои општества, во шеесеттите години од минатиот век, главно поради недостиг на можности за дејствување преку институциите, започнуваат многубројни еколошки движења.

Тие преку јавноста го поставуваат на дневен ред прашањето на животот (и тоа не само човековиот) и животната средина, подигнувајќи ја еколошката свест на повисоко ниво, со промовирање и воведување нови димензии во општественото однесување и создавање јавна свест, но и притисок кон институциите, приватниот сектор и други актери за подобрување на нивната работа во овој домен.
За оживотворување на холистички (сеопфатен) пристап во процесот на мислење и акција се јавила и потребата од втемелување и промовирање на новите, зелени вредности и стратегии:

## ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВОТО ДОСТОИНСТВО И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

- Слобода
- Демократија
- Еднаквост
- Владеење на правото
- Антидискриминација
- Социјална и еколошка правда
- Трансформација на општеството во корист на сите
- Економска, социјална и еколошка благосостојба
- Негување на разновидноста на природниот свет

Зелените вредности се посебни вредности што упатуваат на тоа како да се води квалитетен и добар живот во согласност со природата, во амбиент на демократско општество и ненасилство.





За реализација на посакуваниот квалитетен живот, граѓанките и граѓаните имаат должност и одговорност во однос на давањето сопствен придонес, во заложбите против кршење на правата, сиромаштијата, насилството, корупцијата, загадувањето, злоупотребите, дискриминацијата, екстремизмот, лошите политики и практики, градењето и унапредувањето на демократските процеси, но и право на слободно, праведно и здраво општество.
Граѓанките и граѓаните имаат граѓански права, но и морална и граѓанска обврска да учествуваат во грижата за зачувување на природниот свет и природните ресурси да настојуваат државата да се ориентира кон обновливи извори на енергија и создавање правни рамки за зелена економија и здрава животна средина.

# Што е циркуларна економија?

Во природата не постои отпад. Отпадот е дело на човекот. Во последно време сè повеќе станува јасно дека природата потклекнува, дека веќе не може да го издржи притисокот што отуѓениот човек од неа го врши врз неа. Ресурсите ги има сè помалку, отпадот сè повеќе, климатските услови се сè полоши, а загадувањето е сè поголемо. Прашањето е како да се реши овој проблем? Како повторно да се свртиме кон природата? Како отпадот кој неуморно го создаваме да се трансформира во нешто корисно за сите, во производ и пари без никакви негативни последици за животната средина?
Одговорот на ова прашање го дава циркуларната економија, која како модел води кон обнова на екосистемите, но и се стреми кон воведување иновации и влијае врз промената на навиките на општеството.
Сè повеќе земји во светот ја сфаќаат штетноста на до неодамна најпопуларниот - линеарен модел на економија,



Зелена читанка

кој се сведува на неконтролирана експлоатација на природните ресурси (најчесто на необновливите) по принципот на земање, искористување и фрлање.
Негативните тенденции врз животната средина, кои се јавуваат како последица од практикувањето на овој модел на економија, наложуваат насочување кон друг, одржлив начин на дејствување, менување на деловните модели и навики, како и начинот на размислување.
Циркуларната економија најчесто се сведува на управување со ресурсите што се ограничени, нивно максимално искористување, минимално создавање отпад и негово трансформирање во ресурси.
Иако идејата за овој концепт се смета за иновативна, таа е сепак аналогија на животниот циклус во природата. Со повторното искористување на веќе употребеното, барањето начини отпадот да се претвори во ресурси (исто како и кај природата, која не познава отпад, туку само ресурси), циркуларниот модел на економија заговара – враќање кон природата.
Насочувањето на вниманието кон енергетската ефикасност и еколошката одржливост, кои се применливи во сите аспекти на животот, претставува темел на новиот начин на општествено однесување. На тој начин, човештвото настојува повторно да го воспостави изгубениот однос со природата, како и да ја врати вербата во можноста за натамошен просперитет.
Во прилог на афирмацијата на идејата за воведување на циркуларната економија е аргументот дека заложбата за постигнување одржлив развој на глобално ниво не подразбира негативна промена на квалитетот на

животот на луѓето, ниту пак пад на производството и профитот на произведувачите.
Според тоа, овој модел може и мора да биде макар еднакво профитабилен како линеарниот, но и да им овозможи еднакво задоволство на потрошувачите од производите и услугите.
За остварување на целите (економски и еколошки одржливи системи) на циркуларната економија, ставен е акцент на иновативното размислување во сите процеси на производство, на системското размислување, на продолжување на животниот век на производите, како и на процесот на рециклажа.
Потребата од воведување на моделот на циркуларната економија, Европската комисија (2017 година) го има преточено во документ наречен „Манифест за Европа со ефикасни ресурси“ (Manifesto for a Resource-Efficient Europe), во кој јасно е нагласено дека „во светот со растечки притисок врз природните ресурси и животната околина, Европската Унија нема друг избор освен да тргне по патот на транзиција кон ресурсно ефикасно и во крајна линија регенеративен модел на циркуларната економија“.





# Што е социјална правда?

Несомнено е дека правдата е една од највисоките општествени вредности во сите цивилизирани заедници. Истовремено, може да се каже дека таа е и општествен идеал, најважна цел кон која се стреми секое современо демократско и организирано општество. Но што значи поимот социјална правда, кој е речиси секојдневно употребуван во општествено-политичките дискурси?
Социјалната правда претставува еднаков и праведен однос меѓу поединецот и општеството, определба за еднакво достоинство и еднакви можности за живот. Таа не е само етички императив, туку и темел на стабилноста и глобалниот просперитет.
Суштината на актуелното сфаќање на социјалната правда се однесува на концептот, според кој поединецот има еднакви права и еднакви економски, политички и социјални можности.
Најважната улога на државата е да обезбеди благосостојба и права на сите свои граѓани, без оглед на општествениот слој на којшто му припаѓаат (сиромашни или богати).
Социјалната правда претпоставува обезбедување еднакви услови и еднаква можност за праведна

распределба на општествените ресурси, врз основа на четирите принципи: еднаквост, праведен надоместок според ефектот, праведно задоволување на потребите и принцип на еднаква можност.
Рамноправниот пристап и еднаквата можност за одлучувањето и учествување во политичкиот, економскиот и културниот живот е предуслов за економски просперитет на државата кон кој сите придонесуваат и имаат своја корист. Тоа е тесно поврзано со почитување на човековата личност, човековите права и слободи, еднаквост на сите.
Сето тоа е поврзано и со човековата (општествената) солидарност, хуманистички идеал, кој подразбира поврзаност, воспоставување односи на заедништво, надополнување, меѓусебна зависност, помош и поддршка.
Стремежот кон социјалната правда претпоставува општествена солидарност и подготвеност индивидуалните желби, потреби и копнежи да се подредат на заложбите за социјална еднаквост и поправеден однос кон животната средина, на пример.
Социјалната правда ги третира заемните права и должности на општествените групи и нивните членови и во однос на општото добро, коешто се однесува на она што е заедничко и корисно, погодно и достапно за сите членови на заедницата.
Значењето на оваа тема и нејзиниот интернационален карактер се потврдува со Резолуцијата на Обединетите нации донесена на 62 заседание на Генералното собрание во ноември 2007 година, со која 20 февруари





е прогласен за Меѓународен ден на социјалната правда.
„Социјалната правда е можна единствено во општествата каде што се почитуваат сите човекови права и темелни слободи“ - се нагласува во резолуцијата на Обединетите нации. Целта на одбележувањето на овој ден е поддршка кон напорите за искоренување на сиромаштијата, обезбедување достоинствена работа, рамномерен пристап до општествените добра, рамноправност на половите, постигнување социјална сигурност и правда за сите.
Сите членки се согласни со констатацијата дека социјалниот развој мора да се темели врз правда, солидарност, склад и еднаквост меѓу сите земји и во секоја од нив, а социјалната правда, еднаквост и праведност ги сочинуваат темелните вредности на општествениот живот.
Економскиот раст нужно треба да промовира праведност, социјална правда, егзистенција за сите во општество што е ориентирано кон правда и почитување на човековите права и слободи.
Државите членки се согласни дека одбележувањето на овој ден би можело да придонесе за дополнително зацврстување на напорите на меѓународната заедница за искоренување на сиромаштијата, да ја зголеми грижата за достоинство на работата, еднакви можности и праведен пристап до општествените добра и правда за секој човек.

# Што е еднаквоста?

На прашањето: „Дали сме сите исти?“, одговорот е секако: „Не.“ Се разликуваме по многу основи: пол, возраст, националност, раса, степен на образование, религија, социјален статус...На различностите им нема крај.
Но она што ги дефинира современите демократски општества се определени принципи и вредности (иманентни за сите човечки суштества) што важат за сите, по принципот на еднаквост. Принципот на еднаквост во остварувањето на човековите права е модерно достигнување на меѓународната заедница.
Во историјата на политичката мисла може да се забележи дека терминот еднаквост за првпат бил употребен во Американската декларација за независност од 1776 година (каде што ставот дека сите човечки суштества се создадени еднакви се наведува како очигледна вистина), а потоа и во Француската декларација за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година (во која се наведува дека луѓето се слободни и еднакви во своите права).





Идејата за еднаквост ја следи и Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации од 1948 година, која почива на претпоставката дека „сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права.“ Усвојувањето и прокламирањето на декларацијата го означува почетокот на имплементација и интернационализација на принципот на еднаквост, кој понатаму е издигнат на највисоко ниво на човековите вредности.
Еднаквоста на граѓаните во едно општество претставува политички принцип и социјален идеал, основна вредност, но и императив според кој граѓаните, покрај тоа што имаат исти социјални, политички, граѓански, економски права, неопходно е да имаат и исти можности за пристап до општествените добра и природните ресурси.
Денес почитувањето на принципот на еднаквост во остварувањето на човековите права не е само морална, туку и политичка и правна (поддржана со законска регулатива) обврска на секое демократско општество.
Еднаквоста значително влијае на чувството на луѓето за неподреденост и немаргинализираност. Таа го поддржува и одржува човековото достоинство, а на луѓето им овозможува да не се чувствуваат како граѓани од втор ред или како граѓани кои се дистанцирани од заедницата, поради некоја своја особеност. Наместо исклучување, еднаквоста овозможува вклучување во општествениот живот.
Нееднаквата позиција и улога во општеството кај луѓето создава чувство на отфрлање, што понекогаш

резултира со екстремни активности и однесувања. Нееднаквоста може да иницира демонстрирање сила и вршење насилство, што добива шанса за толерирање во рамките на општеството. Наспроти тоа, еднаквоста ја поттикнува надежта и вербата на луѓето во функционирањето на заедницата.

Заштитата и остварувањето на човековите права е една од најсложените и најчувствителните задачи во рамките на општествените заедници. Вистинско признавање на човековите права постои доколку е овозможена нивната реализација по принципот на еднаквост, слобода, недискриминација и толерантност.

Долгата историја на постоење различни форми на обесправување укажува на тоа дека процесот на признавање и заштита на човековите права и слободи не е завршен. Составен дел на демократијата е толерантноста и таа мора да постои во сите нејзини форми: политичка, верска, национална, сексуална и многу други.

Демократските општества подлежат на континуиран развој низ различни процеси, кои претпоставуваат строго почитување на основните човекови права, со забрана за дискриминација по која било основа.





# Што е економска, социјална и еколошка благосостојба?

Поимот прогрес (напредок) често се дефинира како посакувана состојба со извесни позитивни промени. Таа се јавува како резултат на повеќекратни поврзани процеси и интеракции, често иницирани од економски и јавно-политички интервенции, насочени кон подобрување на економската и социјалната состојба на сите граѓани.

Во денешните современи општествени текови севкупниот прогрес е императив во сите негови сфери. Тој, на пример, може да биде прогрес во контекст на материјалните аспекти на општеството, општата состојба во државата, економијата, образованието, природните ресурси, јавното здравје, културата и слично.

Напредокот на општеството подразбира подобрување на стандардот и квалитетот на животот на граѓаните, што, пак, директно влијае врз унапредувањето на општата благосостојба реализирана низ суштинското задоволување на нивните материјални и нематеријални потреби, преку активно учество во општеството и почитување на индивидуалните цели.

Подобрувањето на целокупната благосостојба има објективна и субјективна димензија. Објективната благосостојба го вклучува концептот на економски развој (економски и неекономски аспект) и условите за живот.

Субјективната димензија се однесува на перцепцијата на граѓаните за благосостојбата, која ја сочинуваат претходно дефинирани термини: среќа како афективна состојба и задоволството од животот – како когнитивна компонента.

Благосостојбата може да се унапредува во услови на поддршка на персоналните односи, вклучување на заедницата, добро здравје, финансиска сигурност, солидно образование, културна надградба, наградување на вработените, како и здрава и атрактивна животна средина.

Улогата на владите во државите е да им обезбедат на своите граѓани, сега и во иднина, еднаков пристап до социјалните, економските и еколошките ресурси потребни за постигнување благосостојба. Затоа, разбирањето на ефектите од политиките врз животот на луѓето е важно за нивното натамошно креирање и дизајнирање.





Благосостојбата може да се опсервира и од перспектива на условите што треба да бидат исполнети, за таа да биде овозможена. Еколошките економисти, на пример, се посветени на зачувување на биолошката разновидност, со предупредување за нејзино постојано уништување, бидејќи, според нив, таа ја сочинува основата на човековата благосостојба.

Од исклучителна важност е да се знае на кој начин ресурсите што им стојат на располагање на луѓето и условите за живот влијаат врз човековото задоволство, и обратно, како степенот на задоволство може да се претвори во однесување, што ќе влијае врз условите и ресурсите. Ваквите еколошки аспекти ја потенцираат важноста на постигнувањето амбиент во кој благосостојбата е одржлива.

Во 2006 година независната организација The New Economics Foundation (Фондацијата „Нова економија“), објави глобален манифест за посреќна планета, кој содржи десет главни концепти, што треба да доведат до одржлива благосостојба:

- Искоренување на екстремната сиромаштија и глад
- Подобрување на здравствената заштита
- Ослободување од долгот (на земјите во развој)
- Промена на вредностите
- Поддржување на осмислен живот
- Оспособување на луѓето и промовирање на добра влада (владеење)

- Идентификување на еколошките ограничувања и дизајнирање економска политика која работи во рамките на тие ограничувања
- Дизајнирање на систем за одржлива потрошувачка и производство
- Понапорно работење за да се забават климатските промени
- Мерење на она што е важно

Феноменот на благосостојба е динамичен поради менливиот карактер на условите под кои се остварува. Од таа причина е потребно воведување нови (неутописки) доктрини што ќе овозможат (одржлива) благосостојба, која е синоним за квалитетен живот на сите граѓани.



Зелена читанка

# Слобода, антидискриминација и демократија

Државата е една од најстарите и најзначајни општествени творби и најважен облик на политичкото организирање на општеството. Всушност, современото човештво егзистира исклучиво во рамките на организирани политички заедници – држави. Суштината на општествениот живот и односот на човекот кон општеството и државата како досега најсовршен и најсложен облик на општествено организирање отсекогаш побудувале голем интерес.
Различните толкувања на поимот држава произлегуваат од неговата динамичност, односно варијабилност. Според општоприфатената дефиниција, државата е организација основана од заедница на луѓе населени на одредена територија, заради практикување на определена власт.
Концептот на современата граѓанска држава, пак, е концепт на демократска држава, сфатен како форма на општествено владеење и уредување, кое е во

согласност со волјата и потребите на народот (од грчкиот јазик, δημος – народ и κρατειν –владеење).
Оваа форма на владеење овозможува безусловно задоволување на универзално признаените човекови права и слободи на секој граѓанин. Но за функционирање на демократијата е потребно исполнување на определени услови. Пред сѐ, неопходна е стабилност на општеството и државата, но и доволно развиена свест на граѓаните за самата идеја за демократија, вредностите врз кои се темели таа идеја, свест за важноста на земањето учество (посредно и непосредно) во сите форми на одлучување, како и за просперитетот и стандардот на граѓаните.
Од појавувањето до денес е извесно дека демократијата е единствената форма на владеење и управување што може да ги задоволи, промовира и негува основните принципи на човековите права и достоинство. Низ историјата таа ја менувала својата форма во согласност со динамиката на вкупните општествени текови, но до денес останува најпосакуваната форма на општествено уредување кон која се стреми сиот прогресивен свет.
Демократското општество стимулира и унапредува демократски, односно цивилизациски вредности, како што се: слободата и антидискриминацијата, почитувањето на човековите права, еднаквост и достоинство...
Разбирањето и употребата на терминот слобода е во непосредна поврзаност со терминот демократија. Се чини дека секое демократско општество во поновата историја на човештвото е насочено кон достигнување





на слободата, како една од најголемите животни вредности. Како резултат на тоа, секој граѓанин води сопствена битка за да го освои тој благороден идеал.
Но слободата никако не смее да се интерпретира како чин на самоволие и егоизам, ниту да се практикува индивидуално, независно од секое надворешно влијание. Таа е секогаш поврзана со некаква норма, нужност. Нужноста на слободата е моралот, кој, пак, е услов за посакуваното вистинско реализирање на човекот.
Во модерната политика слободата се состои од социјални, политички и економски слободи, специфични слободи и права, како: сексуални, етнички, верски, културни,малцински, на кои имаат право сите членови на заедницата. Таа се однесува на отсуството на непотребни ограничувања и можноста за остварување на правата (слобода на говор, слобода на движење) и овластувањата на граѓаните.
Слободата својот правен израз за првпат го реализира во Американската декларација за независност од 4 јули 1776 година, а потоа и во Француската декларација за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година.
Промовирањето на заложбите за недискриминацијата на граѓаните претставува уште една придобивка на демократските општества. Таа е антипод на феноменот дискриминација, која претставува нееднаков третман кон поединци или општествени групи, врз основа некоја од нивните лични карактеристики.
Тоа резултира со нееднаквост во шансите за остварување на правата загарантирани со уставот

и законите, нееднаков третман, маргинализација, исклучување, односно доведување во подредена положба на поединци или групи луѓе, кои се во иста или слична ситуација.

Дискриминацијата може да се заснова врз различни личните карактеристики, кои се реални или само се претпоставува дека постојат кај луѓето: раса, боја на кожа, државјанство, националност или етничко потекло, јазик, верски или политички верувања, пол, родов идентитет, сексуална ориентација, родови карактеристики, ниво на приход, богатство, раѓање, генетски карактеристики, здравствена состојба, попреченост, брачен и семеен статус, убедување, возраст, изглед, членство во политички и други организации итн. Таа може да се манифестира во различни области на општествениот живот.

Во современото општество има сè помалку земји и средини каде што доминираат некои модели на формална дискриминација, но неформални фактори на дискриминација сè уште постојат во многу од нив.

Затоа, многу земји ја регулираат дискриминацијата со донесување специјална легислатива, која на потенцијално дискриминираните групи или на оние што биле дискриминирани во минатото им дава различни предности (позитивна дискриминација), со што тие стануваат социјално вклучени и еднакви.

Правото на недискриминација е загарнатирано и неприкосновено човеково право во сите демократски општества.

Во тој контекст, ќе ги спомeнеме општите принципи на





заштита на човековите права од дискриминација што се усвоени со Универзалната декларација за човекови права (1948 година во Париз), Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи (1950 година во Рим, во сила од 1953 до 2004 година потпишана од 46 европски земји), како и Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (усвоена во 1979 година, во сила во 1981 година).

# Човековите права и достоинство како зелени вредности

И покрај многуте различности, сите луѓе без исклучок се исти по едно – имаат еднакви човекови права. Човековите права се цивилизациска придобивка и вредност, а нивното обезбедување, почитување и заштита се мисија и крајна цел на сите современи демократски општества.

Идејата за човековите права, достоинство и слобода е позната уште од античкиот период, како идеја за природно право на секој човек. Во тоа време таа била сфатена како природен закон – кој постојано бил прекршуван.

Историјата на човековите права може да се следи низ списите што сведочат за натамошното обликување, преку првите ограничувања на моќта на владетелите во Големата повелба на слободата од 1215 година и Петицијата за правото 1628 година во Англија, па сè до определувањето на основните неотуѓиви човекови права Декларацијата за независност во САД од 1776 година и француската Декларација за правата на луѓето од 1789 година. Тие ограничувања го означуваат и почетокот на нивното легитимно воспоставување.





Поимот човекови права во секојдневната терминологија и општа употреба влегува со донесувањето на Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации, донесена во 1948 година.

Во развојот на вредносниот систем на човекот тие претставуваат највисок дострел синтеза на хуманата димензија базирана врз религиозните, филозофските и правните сознанија, како и критериум за достигнатото ниво на развитокот на човештвото.

Човековите права, исто така, го сочинуваат и најуниверзално прифатениот систем на вредности. Сепак, тој не нуди готови решенија за секоја животна ситуација одделно, туку на секоја индивидуа ѝ го трасира патот кон односите со другите индивидуи или институции.

Човековите права по карактер се универзални, неотуѓиви, неделиви и меѓузависни. Тоа значи дека имаат иста важност за сите луѓе (каде било), не може да се изгубат, никој не може да одземе некое од правата (сите права се поврзани).

Личните човекови права (право на живот, слободен развој на личноста, заштита од напад...), граѓанско-политичките права (право на слобода на мислењето и изразувањето, на слобода на информирање, на непречено учество во политичкиот живот...), социјално-економските и културните права (право на образование, социјална сигурност, чесен надоместок за работата, соодветен стандард на животот и здравје...), како и правото на мир, правото на развој и правото на здрава животна средина се прокламирани во повеќе

меѓународни документи, како што е споменатата Универзалната декларација за човекови права на ОН или Европската конвенција за заштита на човековите права на Советот на Европа од 1950 година итн.
Појдовни точки, но и темел врз кој е изграден целиот концепт за човековите права се човековиот живот, достоинството, слободата, рамноправноста и солидарноста. Државите и институциите се должни да ги почитуваат, заштитуваат и исполнуваат човековите права, бидејќи тие не се доделени од некој специфичен општествен авторитет, туку се иманентни на секое човечко суштество.
Секој треба да ги почитува правата, слободата и достоинството на другиот, различниот, бидејќи заемното почитување е одлика на хуманоста како врвна човечка одлика.
Меѓународниот ден на човековите права се одбележува на 10 декември (денот кога Генералното собрание на Обединетите нации во 1948 година ја усвои Универзалната декларација за човекови права).
Зелените движења во светот речиси без исклучок го прифаќаат концептот на човековите права и достоинство како дел од зелените вредности.





# Како до зелени работни места?

Брзите и континуирани промени на условите за живот на нашата планета, поттикнати од човековата активност, кои резултираат со сериозна климатска и еколошка криза, сѐ повеќе ја наметнуваат потребата од изнаоѓање оптимални решенија за справување со предизвиците.
Научниците предупредуваат за опасностите од непреземањето мерки за запирање, ублажување и санација на тие процеси. Економистите, пак, од своја страна, посочуваат дека со одложувањето на преземањето акција, се зголемуваат и трошоците поврзани со неа.
Енергетската ефикасност, обновливите извори на енергија, градежништвото, земјоделството, третманот на отпадот и зачувувањето на ресурсите се само дел од областите што се фаворизираат како решенија за надминување на еколошките и климатските кризи.

Во последните години, како одраз на напорите за зазеленување на економиите, се прават обиди за креирање на што поголем број зелени работни места. Нивниот концепт е реалност и иднина.
Зелени работни места се сите оние чиј процес на работа е насочен кон намалување на штетното влијание на човекот врз животната средина, како и кон контролата на климатските промени. За зелено се смета секое работно место што гарантира дека процесите што се во доменот на неговите активности нема да продуцираат негативни влијанија врз животната средина.
Зелените работни места се веќе препознаени како вредност во зачувувањето, обновувањето и унапредувањето на животната средина, во соодветната употреба на ресурси, во намалувањето на отпадот и управувањето со него, намалувањето на стакленичките емисии на гасови што е во функција на намалување на аерозагадувањето и последиците од климатските промени, во заштитата и обновата на екосистемите, заштедата на енергија и суровини, промовирањето на обновлива енергија, во зголемувањето на енергетска ефикасност.
Се чини дека креирањето на зелените работни места е навистина остварливо во сите дејности, почнувајќи од истражувчките до производствените, дистрибуцијата и одржувањето, понатаму, во услужните дејности, како што се угостителството, туризмот и транспортот.
Тоа особено е изразено во новите дејности поврзани со високата технологија и обновливата енергија, во традиционалните индустрии, како што се производство



Зелена читанка

на стоки, во градежништвото, земјоделството и рибарството.
Во областа на образованието се отвораат нови можности. Секој може да го примени стекнатото знаење во врска со заштита на човековата околина, во текот на својата кариера во рамките на професионалната дејност.
Развојот на моделите на одржливо производство и потрошувачка овозможува создавање на сосема нови работни места или претворање на постојните во висококвалитетни зелени работни места.
Тие можат да бидат продуктивни, а истовремено да обезбедуваат солиден приход за работникот, социјална еднаквост и безбедност на работното место, социјална заштита за семејствата, личен развој и општествена интеграција, простор за слободно изразување на своите грижи поврзани со работата, како и еднакви можности и третман на сите вработени мажи и жени.
Поаѓајќи од премисата дека секој човек има право на живот, здрава животна средина и благосостојба, се доаѓа до заклучок дека зелените работни места стануваат сè поголема неопходност.
Улогата на државата во водењето на климатската криза, креирањето јавни политики и отворањето зелени работни места е клучна.

# Како до зелен урбанизам?

Просторот е еден од најважните ресурси. Историски гледано, активностите што се поврзани со уредувањето и планирањето на просторот во организирани населби се присутни уште од појавата на првите градови во антиката.
Под влијание на индустријата, во XVIII и XIX век, заедно со демографскиот и просторниот раст, забележан е и забрзан развој на градовите. Со тоа е предизвикан демографски притисок на населението од руралните средини. Исто така, во тој период забрзано се развива железничкиот и патниот сообраќај, како и градскиот превоз, со што почнува да се менува и физичката структура на градовите.
Поради тоа се јавува потребата од формирање и развој на дисциплина, односно општествена дејност, која плански ќе се занимава со развојот на градот, неговата организација, уредување и користење на просторот.
Како последица на тоа, а со цел хуманизација на градовите, доаѓа до појава на урбанистичката мисла. Подоцна, во XX век, под дејство на прогресивната урбанизација, доаѓа до конституирање на урбанизмот како научна дисциплина, односно општествена, стручна и законодавна дејност.





Оваа научна дисциплина може да се дефинира како научна, општествена и стручна, а нејзиниот фокус е насочен кон истражување, проучување и применување на принципите и односите со кои треба да се обликува, уредува и да се користи просторот.
Терминот урбанизам потекнува од латинскиот збор urbs, што значи град. За урбанизмот според тоа може да се каже дека е и наука за населбите, која ги обединува сите сегменти на животот, обезбедувајќи им на луѓето квалитетна животна средина. Тој има теоретска и практична примена.
Основната цел на урбанистичкото планирање е организирањето на населбите како просторни целини, со квалитетни физички, функционални, еколошки, социолошки и естетски карактеристики.
Урбанизмот како наука секогаш е во функција на развитокот на населените територии, нивните специфичности и вредности, како и условите за живот на популацијата што живее во нив, со согледување на поширокиот простор. Обезбедувањето оптимални услови за приватен и јавен живот, домување, одмор, работа, производство, рекреација, култура, образование, непречено движење, социјална заштита, грижа, нега, релаксација – е неопходност што на граѓаните треба да им овозможи да бидат здрави, безбедни, корисни, задоволни и достоинствени.
Во целите на урбанистичката наука се вбројуваат и заштитата на животната средина во населбите и нивната околина.
Статистиките покажуваат дека во овој трет милениум,

како резултат на прогресивната урбанизација (процес на ширење на градскиот начин на живот) во сите делови од светот, повеќе од половина од светското население живее по градовите.
Тој тренд на забрзана урбанизација е во интеракција со процесот на глобализација, кој го стимулира нагонот за зацврстување на врските меѓу луѓето во градовите во рамките на општествата, со цел непречен проток на добра, луѓе, услуги, капитал, технологија и идеи.
Во тој дух продолжува и трендот на придвижување на моќта и одговорноста од национално на ниво кон локалната власт и граѓанското општество. Овој процес почнува во деведесеттите години од минатиот век како резултат на сознанието дека традиционалниот модел на урбано управување повеќе не може да понуди решенија за постојните и новонастанатите проблеми.
Одамна е надминат дискурсот според кој урбанизираните градови претставуваат само концентрација на население, сообраќај, трговија и индустрија. Денес синоними за убав и привлечен град се: квалитетниот урбанизам и архитектура, квалитетот на образованието, културното наследство, спортските и рекреативни можности, заштитата на околината, воздухот и водата, општествениот, забавниот и ноќниот живот, духовитоста и духовноста.
За да се постигне целта за одржлив урбан развиток (како единствено прифатлив модел на уредување на населбите), потребно е да се усогласат искуствата од развојот на градовите во минатото со сегашните потреби. Од прагаматични причини, тоа би вклучувало:





паметно урбанистичко планирање, одржлив јавен градски превоз, квалитетно и достапно домување, квалитетни јавни услуги, чист воздух, вода, зелени површини, достапни работни места, почитување и негување на минатото.
Во еден дел од Агенда Хабитат и Истанбулската декларација, кои се донесени на Втората конференција на Обединетите нации за човечки населби одржана во Истанбул, Турција (јуни 1996 година), се вели:
„Одржливиот развој е суштинско прашање за развитокот на населбите, кој комплексно ги зема предвид општествените потреби, посакуваниот стопански раст и општествен развиток, како и неопходноста од заштита и зачувување на животната средина. Одржливиот развој треба да обезбеди услови за стопански развој, можност за вработување и општествен напредок во хармонија со животната средина – обединувајќи ги принципите за заштита и зачувување на природната средина, почитување на границата на оптоварување на еколошките системи и зачувување на ресурсите за идните генерации. Одржувањето на населбите значи истовремено и нивна урамнотежена географска дистрибуција, одржување биолошка разновидност, квалитет на земјоделското земјиште и урамнотежен општествен развој“.

# Зелен план на ЕУ

Живееме во ера кога предизвиците поврзани со деградирањето на животната средина и климатските промени, промените во биодиверзитетот, осиромашувањето на озонот, загадувањето на водата, урбаното загадување, високата продукција и слабата ефикасност во управувањето со отпадот (кои се актуелни неколку децении наназад), во последните неколку години достигнуваат кулминација. За разлика од порано, негативните појави во животната средина се одвиваат со забрзано темпо.

Во услови на стеснување на временската рамка за преземање чекори за спречување глобална катастрофа, членките на Европската Унија ја преземаат иницијативата за изнаоѓање соодветни решенија. Нивна амбиција е Европа да стане првиот климатски неутрален континент (до 2050 година), со забавување на глобалното затоплување и ублажување на неговите последици.

За таа цел, на 11 декември 2019 година Европската комисија го презентира Европскиот зелен план, кој претставува стратегија за постигнување одржливост на економијата на земјите од Европската Унија, со претворање на климатските и еколошките предизвици во можности, во сите области на политиката, но и со обезбедување праведна и инклузивна транзиција.

Таа е сложена стратегија за раст на Европа, со чија





помош ќе се обезбеди намалување на емисиите на штетните гасови, истовремено креирајќи зелени работни места и подобрувајќи го квалитетот на животот и благосостојбата на европските граѓани.

Сетот мерки претставен во Европскиот зелен план претставува обид за поинтензивно влијание врз намалувањето на емисиите на штетните гасови на 55 % до 2030 година. Идејата е да се преиспита секој постоен закон за климатските вредности, а исто така, со новото законодавство да се постават поцврсти темели на циркуларната економија.

Главната цел на Европскиот зелен план Европската Унија да стане првиот светски климатски неутрален блок до 2050 година, подразбира поактивно дејствување во голем број различни сектори, вклучително и: градежништвото, енергетиката, транспортот, земјоделството и производството на храна и слично.

Оваа стратегија, исто така, вклучува потенцијални карински тарифи за земјите што не работат активно за намалување на емисиите на штетни гасови и со ефект на стаклена градина (низ механизмот за приспособување на границите на јаглеродот), но и солидарност и помош на оние европски региони што ќе треба да направат поголем исчекор.

Европскиот Зелен план не е само неопходност, туку и двигател на нови економски можности. Областите опфатени со Европскиот зелен план и предвидените цели во нив се:

- Чиста енергија
- Биодиверзитет – имплементација на мерки за заштита на екосистемите
- Одржлива индустрија – поттикнување на поодржлив, еколошки производствен циклус
- Изградба и обнова – имплементација на мерки за постигнување почист градежен сектор
- Одржливо земјоделство – одржливост во земјоделството и руралните области на Европската Унија благодарение на заедничката земјоделска политика
- Стратегија „Од нива до маса“ – поттикнување развој на поодржливи прехранбени системи
- Елиминирање на загадувањето – спроведување мерки за брзо и ефикасно намалување на загадувањето
- Одржлива мобилност – промовирање на поодржливи превозни средства
- Клима – до 2050 година Европската Унија да стане климатски неутрална.





# УНЕСКО и неговото значење за светската зелена агенда

На 17-та сесија на Генералната конференција на УНЕСКО (1972 година во Париз) е донесена Конвенцијата за заштита на светското природно и културно наследство. Во неа за првпат се промовираат поимите светско природно и културно наследство, природните и културни добра како универзални вредности, кои подлежат на посебен режим на заштита и чување.

Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации (UNESCO-United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization) е една од седумнаесетте специјализирани, автономни организации во системот на Обединетите нации. Формирана е на 16 ноември 1945 година во Лондон. Денес таа брои 195 држави членки и уште 9 придружни членки. Седиштето на УНЕСКО е во Париз, а

активностите на Организацијата се одвиваат во околу 70 канцеларии, односно институти и центри на УНЕСКО низ целиот свет.
Според статутот, главната цел на УНЕСКО е зачувување на глобалниот мир и безбедност, со промовирање соработка меѓу нациите низ образованието, науката, културата и комуникациите/информациите. Идејата е продлабочување на универзалната свест за почитување на правдата, владеењето на законот и човековите права заедно со основните човекови слободи, во согласност со Повелбата на Обединетите нации.
УНЕСКО ги остварува своите цели преку пет главни програми: образование, природни науки, општествени и хуманистички науки, култура и комуникации/информации.
Проектите што се финансиски поддржани од УНЕСКО вклучуваат: писменост, технички и образовни програми, меѓународни научни програми, промоција на независни медиуми и слобода на печатот, проекти за регионална и културна историја, промоција на културна разновидност, преводи на светската литература на други јазици, договори за меѓународна соработка за заштита на светското културно-историско наследство (светското наследство) и заштита на човековите права, но исто така и обид за намалување на јазот меѓу развиениот и неразвиениот свет.
Другите приоритети на организацијата вклучуваат постигнување квалитетно и доживотно образование за сите, со фокус на растечките етички и социјални предизвици, поттикнување на културната





разновидност, развој на културата за мир, како и градење меѓународно општество на знаење преку информации и комуникации.
Како резултат на свесноста за колективната одговорност на сите држави во светот, за деградацијата на природната и изградената средина, на 17-та сесија на Генералната конференција на УНЕСКО (1972 година во Париз), е донесена Конвенцијата за заштита на светското природно и културно наследство. Во неа за прв пат се промовираат поимите светско природно и културно наследство, природните и културни добра како универзални вредности, кои подлежат на посебен режим на заштита и чување.
Со тоа почнува нова тенденција во меѓународната соработка за зачувување на особено вредни, природни и монументални локалитети, како уникатно наследство на човештвото.
За таа цел е утврдена правна, административна и финансиска рамка за соработка. Секоја од државите потписнички на Конвенцијата ја прифаќа сопствената одговорност за заштита на добрата на нејзина територија, а меѓународната заедница ја прифаќа обврската да ѝ помогне во тоа.
Конвенцијата не им конкурира на националните програми за заштита на природните и културните богатства, туку само ги дополнува. На истата седница, како дополнување на Конвенцијата е усвоена и Препораката за заштита на природното и културното наследство на национално ниво.
За да добие статус на кандидат (доколку се работи

за природно богатство на пример), секој предложен локалитет мора да исполнува барем еден од условите да биде вонреден пример за еволутивната фаза на Земјата, значајните геолошки процеси, биолошката еволуција и човековата интеракција со природната средина, загрозени животински и растителни видови...
Списокот на светско наследство ги содржи оние локации за кои е утврдено дека се во непосредна опасност и дека е потребна меѓународна помош за нивно зачувување. До август 2016 година 1.052 локации за светско наследство се запишани на листата (814 културни, 203 природни и 35 мешани во 165 земји членки).





# Двете лица на национализмот – од либерална до екстремистичка идеологија

Како термин, национализмот речиси секогаш се употребува во негативна конотација. Во модерната ера тој најчесто се дефинира како идеологија или политичко движење што промовира единство на нацијата, нејзините интереси, права или политички цели, разбирање на заедничкото минато, како и односите со другите нации и држави, односно нејзиниот колективен идентитет. Иако на почетокот бил синоним за развој на демократијата и либерализмот, тој подоцна се развил и во екстремно негативна насока.
За да се разбере значењето на поимот национализам и како тој да се толкува, потребно е да се направи еден краток историски осврт на настаните што се тесно поврзани со неговата појава, а се производ на определени културни и политички промени во Европа (Франција, Англија, Шпанија), во XVIII век.

## ПОЧЕТОЦИ: НАЦИОНАЛИЗМОТ КАКО СИНОНИМ ЗА ЛИБЕРАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА И РУШЕЊЕ НА АПСОЛУТИЗМОТ

Национализмот станал синоним за развој на демократијата и либерализмот, а придонел за рушење на тогашната апсолутна власт на монархот и укинување на правната нееднаквост и несигурност, самоволието и угнетувањето.
Тој класичен национализам, кој по своите елементи бил далеку од идеален, бил нужен за дезинтеграција на феудализмот и автократското владеење на монархот.
Афирмацијата на идејата за формирање единствено општество врз база на општествен договор можела да се оствари само преку формирањето на нацијата како општествена заедница на територијата на националната држава.

## ДВЕТЕ ЛИЦА НА НАЦИОНАЛИЗМОТ

Сепак, примарната идеја за овој национализам, која настанала како резултат на конструктивните и добронамерни побуди на човекот, се расчленила во две насоки.
Првата насока е онаа според која национализмот е претставен како нужен чекор кон градење космополитско општество (во науката познат како цивилен национализам), во кое уште повеќе се нагласува еднаквоста на сите граѓани, независно од културолошката, верската, етничката, јазичната



Зелена читанка

припадност, а граѓаните се правно поврзани во еден правен систем (државјанство), при што името на нацијата е идентично со името на државата.
Таквиот национализам е составен дел на повеќето модерни либерални општества, а општествените вредности во тој дух се заштитени со општествен договор (устав).
Според втората насока, национализмот се јавува како форма на колективна (национална) свест, во чиј концепт се истакнуваат разликите меѓу нациите, при што секогаш една нација се претставува како супериорна во однос на другите, со манифестирање на предрасуди, постојано омаловажување и обезвреднување на културните обележја и карактеристики на другите нации.
Национализмот го поттикнува и настојувањето да се покаже себичен, агресивен и нетолерантен однос на една нација кон економските, социјалните, културните и политичките интереси на другите нации, со нивно исклучување или елиминирање, заради реализирање на сопствените интереси.

## ЕКСТРЕМЕН НАЦИОНАЛИЗАМ

Најдрастична форма на национализам е онаа во која се настојува кон едноставна физичка ликвидација или целосно поробување на другите етноси, оспорување на нивните права, националната самобитност и државност, било во рамките на постојната повеќенационална заедница или надвор од неа. Генерално, национализмот

се врзува за различни идеологии, почнувајќи од либералните преку социјалистичките до фашистичките. Денес национализмот се користи како орудие од страна на оние што го експлоатираат за свои егоистични цели, што доведува до разединување во рамките на самото општество и создавање меѓусебна нетрпеливост.

Национализмот како феномен во себе содржи елементи на дискриминација, непочитување на човековите права, слобода, еднаквост и демократија.

Во Општата декларација за човековите права на Обединетите нации во член 1 се вели:

„Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви, со достоинство и права. Тие се надарени со разум и свест, така што едни спрема други треба да се однесуваат во духот на братство".

Национализмот е зло. Борбата против тоа зло е граѓанска должност и обврска на сите без исклучок. Секој треба да влијае врз преземањето мерки против оние што на општественото битие му нанесуваат зло и му штетат на развитокот, здравјето, угледот и идеалот за човековите права, бидејќи тие зрачат со енергија што има негативен набој, претставуваат отворена закана што води до општествено-политичка декаденција, религиска и демократска некомпатибилноет, општочовечка, етичка, морална и социолошка одвратност и културолошка одбивност.

„Јас одлучив да се држам до љубовта. Омразата е преголем товар за носење." (Мартин Лутер Кинг)





# Изворна (grass-roots) демократија, политичко организирање од „базата"

Во секое класно општество државата претставува основен и најважен облик на општествено и политичко организирање. Таа е исклучително комплексна општествена творба, чии облици на уредување се менувале низ историјата.

## ДЕМОКРАТИЈА – ВЛАДЕЕЊЕ НА НАРОДОТ

Најпосакуван, најприфатлив и денес најприменуван облик на општествено-политичкото уредување е обликот на демократско владеење. Поимот демократија најчесто се дефинира со помош на неговото етимолошко значење - „владеење на народот" (од грчкиот јазик, δημος - народ и κρατειν – владеење), иако тоа недоволно ја објаснува суштината на поимот.

Демократијата претставува многу сложен систем

на односи меѓу граѓаните и државата, во насока на остварување на слободата и еднаквоста на сите граѓани што учествуваат во политичкото одлучување. Таа е облик на државно и општествено уредување, во кое власта му припаѓа на народот (добиена од народот), а владеењето се врши преку него или неговите избрани претставници. За некои таа е форма на владеење, а за некои, начин на општествено живеење и однесување.

## ГРАСРУТ ИЛИ ИЗВОРНА ДЕМОКРАТИЈА – СПОНТАНО ПОЛИТИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Низ долгата историја на постоењето на демократијата се појавиле различни теории како за нејзиното дефинирање, така и за нејзиното класифицирање според обликот, видот, моделот, формата и типот.
Интересен е политичкиот концепт, познат како грасрут (grassroots) или изворна демократија. Таа по својот облик се смета за нерепрезентативна демократија во која политичките процеси се иницирани и водени од групи обични граѓани. Поради тоа, значењето на изразот грасрут демократија се толкува како спонтано политичко организирање и дејствување „од дното“ или „од основата“ (базата), па нагоре.

## СПОНТАНИ ДЕМОКРАТСКИ АКЦИИ

Почнувајќи од втората декада на минатиот век, па сè до денес во рамките на различни држави се забележани многу примери на спонтани демократски активности и





акции. Тие се појавиле како резултат на настојувањето да се овозможи директна помош за поединците, од владините или деловните лидери, кои истовремено треба да работат и на подобрување на социјалната состојба, на пример.
Протест против присилното иселување на станари, во организација на грасрут-организацијата „Градот е за сите“, 2010 година, Будимпешта (фото: Википедија)
Спонтаната акција од поединци или групи од заедницата најчесто е поттикнато од желбата да се променат, а понекогаш и да се задржат нештата какви што се. Понатаму, акцијата може да започне и поради засегнатост од одредени настани и постапки на властите или компаниите. Во спонтаните или изворните (грасрут) акции доминира мотивот, односно желбата за промени на одредени политики и практики, односно создавање подобри услови за живеење, еднакво за сите членови на заедницата.
Во голем број случаи, кога зборуваме за изворните демократски иницијативи и акции, се работи за реакција на граѓанките и граѓаните на одредена неправда, насилство, криминал или дискриминација од некој центар на моќта врз поединци, групи или заедници.

## ОД ЛОКАЛНА ДО ШИРОКА АКЦИЈА

Многу често не постои отворена политичка, односно идеолошка причина за формирање на ваквите групи граѓани. Политичката акција може да следи по формирањето на групата и промената на политичката

клима. Основната идеја на овој вид спонтани, изворни, колективни акции од локален карактер е да се предизвикаат промени на локално, регионално, национално, па дури и меѓународно ниво.
Организациите (составени од поединци и групи) можат да бидат мали и да се задржат во рамките на локалните заедници или големи и да ги опфаќаат различните групи граѓани во цела држава или нација. Структурата на изворната организација зависи од видот на самата организација и од целите кон кои се стремат нејзините членови.

## ХОРИЗОНТАЛНА ПОСТАВЕНОСТ

Таа може да функционира без воспоставена хиерархија. Вообичаено, со организацијата управуваат сите нејзини членови, но со неа може да управува и поединец. Во грасрут-движењата може да дејствуваат многу различни типови групи, од спортски, преку еколошки, па сè до групи посветени на грижата за децата.
Целта на општествените и локалните движења (на пример, еколошките движења против деградација на прашумите, антинуклеарните и антивоените кампањи итн.) е решавањето на определени општествени прашања и проблеми, во услови кога локалната или државната власт ги игнорира или дури и работи против заедничките интереси на граѓаните.
Грасрут-активизмот е исклучително важен за општествата, особено кога довербата кон институциите е слаба и кога тие се политизирани, односно се под





диктат на центрите на моќта (политички партии, корпорации, авторитарни лидери итн.). Во тој случај, ваквиот тип активизам е најдобриот показател за тоа каде општеството и системот имаат недостатоци и каде граѓанките и граѓаните треба да се организираат за остварување на целите, како што се демократијата, еднаквоста, зелените вредности и почитувањето на човековите права и слободи.

# Политички организации, движења и партии на зелените

Во периодот по Втората светска војна, во потрага по сè поголем економски раст, државите не посветувале многу внимание на квалитетот на животната средина. Забрзаната индустријализација експоненцијално придонесувала за загадувањето, а потребата од ресурси на храна, енергија и простор за живеење незапирливо растела.

Научните достигнувања, како што се нуклеарната енергија, пронаоѓањето на пестицидите и антибиотиците, оддавале впечаток дека човекот не само што е одвоен туку е и независен од природата, така што може целосно да ја контролира и да управува со неа.

На општествен план се отвориле многу прашања, како





што се: колонијализам, полова дискриминација, расна сегрегација и сите форми на нееднаквост, и покрај ветениот просперитет. Во 60-тите и 70-тите години на минатиот век, паралелно со заканата од Студената војна, низ целиот свет започнуваат протести против локалното загадување, борбата за ослободување на жените, мирот и антинуклеарните движења.

Сите тие движења се испреплетуваат и покажуваат солидарност на едни кон други. Тоа ги води кон теоретско размислување за единствена политика, од која подоцна се кристализира зелената политичка идеја. Во наредното десетлетие зелените активисти се консолидираат во партии, создаваат мрежни и наднационални сојузништва.

Една од главните карактеристики на зелената политика е интернационализмот поради нефункционалноста на политичките граници во еколошки контекст, како и поради солидарноста на народите во решавање на дополнителните глобални еколошки проблеми – оштетувањето на озонската обвивка, загубата на шумските пространства, енормниот раст на човечката популација и усогласувањето на нејзините потреби во рамките на природата.

Подоцна се надоврзува и проблемот со ефектот на стаклена градина и климатските промени, осиромашувањето на сите ресурси, глобализацијата, економските и енергетските кризи.

Зелената идеја е либерална во смисла на различните интерпретации и контексти, како и во различните идеолошки содржини. Тој политички диверзитет,

заедничката соработка меѓу луѓето и идеите, може да се сфати како богатство и предност, а во крајна инстанца како нужност.

Некои од политичките субјекти се посветени на формирањето невладини и непрофитни организации, а некои од нив се вклучуваат во постојните политички структури со формирање зелени партии, додека голем број од граѓаните стануваат дел од пошироките движења. Заедничка цел на сите политички фактори е влијание (непосредно или посредно) во државните, регионалните или локалните политики.

Во светот постојат повеќе организации што овозможуваат обединување на еколошките активности на заинтересираните субјекти, на меѓународно ниво, без оглед на нивните политички позиции, со издвојување на еколошките проблеми од другите политички прашања.

Меѓу најпознатите од таков вид се: WWF (World Wildlife Fund), Greenpeace, BirdLife International, UNESCO (United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization) и UNEP (United Nations Environment Programme).

- WWF е најголемата непрофитна еколошка организација во светот, која е основана од британскиот биолог и бизнисмен Џулијан Хаксли (на 11 септември 1961 година со седиште во Швајцарија) и има повеќе од пет милиони поддржувачи.

Своите извештаи WWF ги објавува на секои две години и се смета за еден од најцитираните и најавторитативните извори на информации за еколошката состојба во светот. Извештаите ги изработуваат научниците од Зоолошкото друштво во Лондон и Светската мрежа за





еколошки отпечатоци.

Со нив се проценува нивото на здравјето на нашата планета врз основа на неколку показатели: состојбата на животинската популација, користењето на природните ресурси, употребата на обновливите извори на енергија, количината свежа вода потрошена во производството итн.

Според извештаите на WWF, во периодот од 1970 до 2012 година индексот што го одразува бројот на различните видови на животни е намален за 58 %, додека популацијата на животни што живеат во слатка вода е намален за 81 %.

Карактеристични методи на организацијата „Гринпис“ за борба против еколошките проблеми се штрајковите и протестите. На 16 октомври 1970 година во Ванкувер е одржан протест против нуклеарно тестирање, а потоа на Аљаска на 15 септември 1971 година против опасните тестови во сеизмички ризичен регион, со испраќање брод (првобитно наречен „Филис Кормак“, а потоа преименуван во „Гринпис“).

Членовите на организацијата веруваат дека нивните протести и штрајкови можат да ги инспирираат луѓето и организациите да го променат својот став кон природата.

Организацијата се финансира исклучиво од донациите на граѓаните и приватните добротворни фондации. Таа не прифаќа парични средства од државата и комерцијалните структури и политичките партии. Доделените средства, „Гринпис“ ги користи само за еколошки проекти.

„Гринпис" не прифаќа никакви форми на насилство како метод за постигнување на своите цели. Сите акции се одвиваат на мирен начин, дури и кога членовите се соочени со заплашување или закана.
Членовите на „Гринпис", раководејќи се според сопствените принципи, се имаат спротивставено на комерцијалниот лов на китови, имаат алармирано за уништувањето на озонската обвивка на нашата планета и започнато кампања против генетски модифицираните производи.
- BirdLife International во деведесеттите години од минатиот век станува меѓународна организација, која денес има 121 филијала во различни земји во светот. Во 2007 година BirdLife International почнува голема кампања за спасување на загрозени видови птици.

извор: УНЕСКО
- Организацијата UNESCO е основана на 16 ноември 1945 година. Седиштето е во Париз, Франција. Има 195 земји членки, 2 држави набљудувачи и 10 придружни членки. Некои од целите на оваа организација се давање придонес во зајакнување на мирот и безбедноста преку проширување на соработката меѓу државите и луѓето, во области, како што се образованието, науката и културата, како и обезбедување правда и почитување на владеењето на правото, универзалното почитување на човековите права и основни слободи за сите народи, без разлика на нивната раса, пол, јазик, сексуална ориентација или религија, во согласност со Повелбата на Обединетите нации.





Меѓу прашањата што ги покриваат активностите на организацијата се: решавање на проблемите на дискриминација во образованието и неписменоста, проучување на националните култури, решавање на проблемите на општествените науки, геологијата, океанографијата и биосферата.
- Програмата UNEP е креирана во рамките на системот на ОН за давање придонес во системска координација на заштитата на природата. Главната цел на UNEP е организација и имплементација на мерки, кои се насочени кон заштита и подобрување на животната средина, во корист на сегашните и идните генерации. Седиштето се наоѓа во Најроби, Кенија. UNEP има и шест големи регионални канцеларии во различни земји. Организацијата е одговорна за решавање на сите еколошки прашања на глобално и регионално ниво.
Активностите на UNEP вклучуваат водење различни проекти во врска со атмосферата на Земјата, морските и копнените екосистеми. UNEP, исто така, игра значајна улога во развојот на меѓународните конвенции во областа на екологијата и заштитата на животната средина. UNEP често соработува со држави и невладини меѓународни организации. Организацијата, исто така, честопати спонзорира или олеснува спроведување на еколошки проекти.
За разлика од повеќето неформални организации, зелените партии на парламентарно ниво главно се занимаваат со одбранбени политики: превенција (еколошки катастрофи, продлабочување на нееднаквоста и авторитаризам), ограничувања (емисии

на стакленички гасови, квоти за родова еднаквост, акумулација на моќ) и забрани (дискриминација, употреба на штетни материи, трговија со генетски модифицирани организми, експлоатација на заштитени природни богатства и загрозени видови, програми за нуклеарна енергија).

До крајот на 80-тите години од минатиот век, речиси секоја земја во Западна и Северна Европа формирала партија позната како Зелените или со слично име (Зелена листа во Италија, Зелена алијанса во Ирска и Финска, Зелени алтернативи во Австрија, Зелена еколошка партија во Шведска, Еколошка партија во Белгија). Зелените партии има и во земји, како Канада, Аргентина, Чиле и Нов Зеланд.

Во Брисел (Белгија), во јануари 1984 година е основана организацијата позната под името Европските зелени, чија улога е да ги координира активностите на различните европски партии. Во 1999 година Зелените во Европскиот парламент формираат блок со Европската слободна алијанса, чии претставници се залагаат за правата на националните групи (и други малцински групи), кои немаат државност.

Првата и најуспешна национална партија позната како Die Grünen (Зелените) е основана во Западна Германија (од Херберт Грул, Петра Кели и други) во 1979 година, како резултат на спојувањето на околу 250 еколошки групи. Таа е ориентирана кон организирање јавна поддршка за контрола на нуклеарната енергија и загадувањето на воздухот и водата. Die Grünen стануваат национална партија во 1980 година. Во програмата на партијата





стои предлогот за отповикување на Варшавскиот пакт и НАТО за демилитаризација на Европа за разделување на големите економски претпријатија на помали единици...

Партиципирањето на зелените партии во политиката е од особено значење за постигнување прогрес на полето на демократијата, владеењето на правото и општествената правда, климатските промени. Тие бележат значајни резултати на националните, парламентарните и локалните избори во земјите на Европа, со тенденција на зголемување на своето влијание на целокупната политичка сцена.

# Феминизам, движења за мир и за социјална правда – сродни зелени движења

Постојат повеќе причини поради кои се организираат колективни акции, односно општествени (политички и граѓански) движења. Најчесто тоа се кризните и конфликтните состојби во општеството, како и наталоженото системско незадоволство кај граѓаните предизвикано од определени општествени појави.

Целта на овие колективни, неинституционални организирани акции е да се поставаат јасни барања и насоки (помалку или повеќе) за излез од актуелната криза за промена (или задржување) на постојната состојба и изградба на нов општествен идентитет. Политичките и граѓанските движења претставуваат светски феномен, движечка сила на општествените промени.

Концептите што се користат при опишување на заложбите на граѓанските движења во зависност од општествено-историските и политички околности во



Зелена читанка

кои се одвиваат, обично се насочени кон општествено праведен свет, почитување на човековите права и слободи, недискриминација, ненасилство, еднаквост и социјалната правда за сите, еднаков пристап до придобивките од општеството, како основни вредности на зелените политики.

Современите општествени движења се факт во прогресивниот, граѓански, демократски и цивилизиран свет, свет на масовни комуникации и информации, свет што продуцира права и слободи и силно се бори за нивниот опстанок.

Првите сериозни општествено-политички движења се појавуваат уште во XIX век, но се популаризираат од втората половина на XX век.

Едно од најстарите политички движења е феминистичкото, кое е формирано во западните земји (во XIX век) како една од последиците на индустриската револуција. Феминизмот е збир на идеологии и движења насочени кон дефинирање, воспоставување и застапување еднакви политички, економски, културни и социјални права на жените со мажите, со цел нивно ослободување од насилство, сексизам и традиционалните женски улоги.

Идејата на феминистичкото движење е да ја обедини женската популација, со цел надминување на половата дискриминација и доминација. За феминизмот се карактеристични три развојни фази. Современото феминистчко движење е интересно за анализирање од аспект на различните типови концептуализација, форма и содржина на борбата за

остварување на декларираните или претпоставените цели.
Обидите за негирање на полот и надминување на родовите разлики го приближуваат феминизмот до други сродни теории: квир-теоријата, постмодернизмот, екофеминизмот (ја обединува екологијата и феминизмот, поврзувајќи ја експлоатација и доминација на жените со онаа на животната средина), трансфеминизмот.
Мировните движења настанале како резултат на протестирањето на граѓаните против војувањето и против нуклеарното наоружување од различни причини (морални, верски, политички). Овие општествени движења имаат цел прекинување на воените дејства и насилства за постигнување на идеалот за траен мир.
Ненасилниот отпор, промовирањето на пацифизмот и антимилитаризмот, демонстрациите, бојкотите, етичкиот конзумеризам и поддршката на антивоените политички кандидати се некои од тактиките со кои се користат учесниците во мировните движења за остварување на своите цели.
Социјалната правда е исто така концепт на општествено движење насочено кон општествено праведен свет. Во овој контекст политичките и граѓанските движења се насочени кон реализација на социјалната правда заснована врз концепт на општество што е ориентирано кон почитување на човековите права и слободи, еднаквост, еднакви услови за егзистенција на сите, еднаков пристап до природните ресурси и општествените и цивилизациски придобивки.





# Што е глобална одговорност?

Како слободно и свесно суштество, човекот постојано прави избор во врска со начинот на своето однесување и постапување. Изборот е принцип на слободата. Колку е поголем степенот на човековата слобода, толку е поголема неговата одговорност за последиците од неговото однесување во заедницата.
Одговорноста може да се сфати како давање отчет на поединци или групи луѓе за нивните постапки пред други лица, групи луѓе или целата заедница. Дејствата што не се во согласност со општествените правила на однесување подлежат на последици поради таквите постапки.
Нужноста од заедничкото живеење наложува почитување на определени вредности. Според тоа, поимот одговорност може да се протолкува како свесен однос на човекот кон општествените вредности што ги поседува секое општество и без кои тоа како организирана човечка заедница не може да постои.
Поимот одговорност е во корелација со поимот должност. Кога некој презема должност, станува одговорен за тоа на кој начин ја извршува, но и

подготвен да ги прифати последиците (позитивни – награден, негативни санкциониран) од извршувањето на таа должност.
Поимот одговорност е динамичен феномен што го менува своето значење и содржина, а неговата цел не е секогаш иста. Во современите општествени системи одговорноста не е само прашање на правото и моралот, туку и на политиката и општеството, демократијата и доброто владеење.
Во време на предизвици поврзани со општествената, економската и еколошката стабилност, денешниот свет станува сè помал, а меѓузависноста на луѓето, упатеноста на едни кон други, потребата од глобална одговорност за одржлив долгорочен развој стануваат поочигледни од кога и да било.
Потребно е да се биде свесен за меѓусебната поврзаност и зависност, но и да се биде одговорен на индивидуално, организациско и системско ниво (одговорен за себе, одговорен кон другите, одговорен кон сите). Новата парадигма за придвижување на свеста кон „јас“, „ние“ и „сите ние“ претставува повик кон колективна инклузивност за глобална одговорност.
Предизвикот на човештвото во XXI век е создавање флексибилни општества, верни на определбата за почитување на вредностите поврзани со човековата слобода, достоинството, еднаквите можности, почитувањето на човековите права, филантропијата, антикорупцијата, квалитетот на производите, општества што ќе придонесат за постигнувањето на целите за одржлив развој, иновативни економии и





здрава животна средина, со можности за просперитет и благосостојба за сите.
Да се биде глобално одговорен, значи да се цени и да се почитува светот околу себе, светот од кој сме дел сите и за чие подобрување треба активно да се вклучиме и да учествуваме (сите граѓани, општествени заедници, институции на системот, бизнис-секторот), секогаш имајќи ги на ум солидарноста и општото добро.
Учејќи и образувајќи се за различните места, култури, општества, но и за заедничкиот соживот и соработка што водат до општ прогрес, учиме за нашата граѓанска одговорност и за тоа што значи да се биде глобално компетентен и одговорен граѓанин.
Одговорноста треба да биде лична определба на секој граѓанин. Таа е скапоцена особина и квалитет што ги поседува човекот, но и најважен критериум за зрелоста на едно општество.

# Иновации, зошто се тие важни?

Современиот свет во кој живееме подлежи на континуирани промени што постојано се забрзуваат. Тој свет е креирана општествена стварност, резултат на човековото влијание и активност врз неговата животна средина. Глобалната транзиција на индустриската ера, во ера на знаење, побарува низа промени и адаптации во рамките на општествените системи.

Креирањето нови идеи е карактеристика и нужност на човекот за градењето на неговата иднина. Неговата творечка способност, неговата имагинација и способноста за изнаоѓање решенија се речиси неограничени. Кога идеите и креативните решенија се имплементираат и создаваат некоја нова вредност, тогаш тие стануваат иновации.

Иновацијата е термин што подразбира промена, новина или процес на правење промени. Во економски контекст, поимот иновација значи трансформација на креативна идеја во производ, услуга или процес, со крајна цел комерцијализација. Во поширока смисла, иновациите се организациски, деловни, административни и други видови иновации, кои се развиваат дури и до ниво на промени во самата деловна политика.

Секој поединец, секоја компанија, во која било





област, во која било сфера, може да биде иновативен. Понекогаш иновациите се создаваат со преземање и унапредување на веќе постојната во поефикасна идеја, концепт, производ, процес, услуга, технологија или бизнис модел. Поголемо значење, секако, има создавањето на сосема нови иновации.

Иновацијата е клучен двигател на економскиот пораст. Економијата ги дефинира иновациите како основен фактор за економски раст, развој и успех. Во економијата таа е тесно поврзана со политичките, социјалните и општествените промени во земјата. Компаниите што не вклучуваат иновации во својот производствен процес имаат мали шанси за предност или надмоќ во однос на конкурентите.

Имплементацијата на идеите и откритијата го подобрува животниот стандард, но може да придонесе и за унапредување на стандардите за безбедност, подобра здравствена заштита, производи со подобар квалитет и производи и услуги, кои придонесуваат за подобрување на животната средина.

Иновациите ја зголемуваат човековата продуктивност и фундаментално го менуваат начинот на кој тој живее. Во синергија со образованието, тие претставуваат клучни компоненти во постигнувањето на глобален успех, во областа на одржливата економија и економијата заснована врз знаење.

Брзото темпо со кое се менува светот носи предизвици, а воведувањето иновации во компаниите – можности за искористување на промените. Можностите произлегуваат од менувањето на

потребите и очекувањата на клиентите, менувањето на конкурентите, промената на технологијата, промената на надворешното регулаторно опкружување, како и глобалниот и динамичен пазар.
Иновациите носат можност за намалување на трошоците во производството, креирање нови пазари, зголемување на конкурентноста и профитабилноста, генерирање нови вработувања и подобрување на позицијата на пазарот.
Од друга страна, воведувањето иновации поттикнува развој на одржливо општество, кое нуди можност за подобар квалитет на животот на граѓаните, и од аспект на зелените вредности во најширока смисла. Секоја компанија, организација, па дури и индивидуално лице може да бидат иновативни. Иновативноста сè повеќе станува есенција на егзистенцијата.



Зелена читанка

# Како до одржлив развој?

Современиот свет веќе во голема мера е соочен со потребата од глобална, заедничка одговорност за зачувување на планетата Земја како за сегашните, така и за идните генерации.
Сите луѓе имаат еднакви права на најшироки основни слободи, кои не ѝ противречат на слободата на другите. Затоа, правото на сегашните генерации за искористување на ресурсите и здравата животна средина не смее да го загрози тоа исто право на идните генерации.
Конфликтот меѓу ограниченоста на природните ресурси од една страна, и потребата од економски развој, производство и профит, од друга страна, ја прават неизвесна можноста за остварувањата на потребите и правата на идните генерации.
Во 1987 година Светската комисија за животна средина и развој на Организацијата на обединетите нации во својот извештај „Нашата заедничка иднина“ укажува на можните сериозни последици од неконтролираното демографски и економски раст, како и на нужноста од дефинирање концепт за одржлив развој. Оригиналната дефиниција, која е најпрецизната до ден-денес (иако сега се повеќе на број) гласи:

„Одржливиот развој е развој што ги задоволува потребите на сегашните генерации, без притоа да ги загрозува можните идни генерации во задоволувањето на своите потреби. Во него се содржани два клучни концепта:

- концептот на потребите, посебно на основните потреби на сиромашните во светот, на кој треба да му се даде најважен приоритет
- ограничено-способната животна средина да ги задоволи сегашните и идните потреби, а за што при планирањето на технолошките и општествените организации мора да се води сметка".

Концептот на одржлив развој стимулира преиспитување на многу аспекти на современото живеење и однесување, како и на последиците што ги остава урбаниот начин на живеење врз природната средина.

Основниот постулат на одржливиот развој се однесува на тоа дека унапредувањето на благосостојбата се мери со подобрувањето на квалитетот на животот, а не со зголемувањето на количеството на произведени или потрошени материјални односно енергетски ресурси.

На Самитот на Обединетите нации за одржлив развој во Њујорк, во септември 2015 година е усвоена Програмата на Обединетите нации за одржливиот развој до 2030 година (позната како „Агенда 2030").

Скелетот на развојната агенда го претставуваат 17 цели за одржлив развој, детално разработени во 169 меѓусебно тесно поврзани потцели. Станува збор за клучната платформа за решавање на најважните предизвици на денешницата во нивната меѓусебна





поврзаност во економската, социјалната, еколошката и политичко-безбедносната димензија.

Нејзиното доследното спроведување е од примарно значење за меѓународната заедница поради својата сеопфатност, инклузивност, универзалност и трансформативен карактер.

Со институционализирање на концептот за оджлив развој се поставени темелите за новиот вид соработка на глобално ниво. Таа соработка е заснована врз заедничките интереси, меѓусебните потреби и поделбата на одговорностите.

# Децентрализација, предуслов за одржлив развој

Како природно суштество, човекот живее во согласност со биолошките законитости. Поради својата свесност и активен однос кон природата, како психичко и општествено суштество, тој доминира над другите видови на живиот свет на Земјата. Во својот општествен, економски и културен развој (а со тоа и усовршувањето на техничко-технолошките работни процеси), тој сè повеќе ја присвојува и ја совладува природата.

Исцрпувањето и деградацијата на животната средина сè повеќе има карактер на глобален проблем поради сè поголемото обединување и поврзување на современите општеств, во процесот на создавање единствен економски, политички и културен простор во светот, а со цел – постигнување на сè поголем економски раст и





благосостојба.

Од една страна, илузијата дека природата има на располагање неограничени ресурси веќе одамна е надмината. Од друга страна, економскиот и целокупниот општествен развој е континуиран и повеќе или помалку незапирлив процес.

Се чини дека стратегијата на одржлив развој е една од најприфатливите опции за решавање на глобалните предизвици. Одржливиот развој може да се дефинира како интегрален економски, технолошки, социјален и културен развој, кој е усогласен со потребите за заштита и унапредување на животната средина, а на сегашните и идните генерации им овозможува задоволување на нивните потреби и подобрување на квалитетот на животот.

Во филозофски, односно етички манир, тоа би значело „развој што овозможува да се задоволат потребите на актуелните генерации, без да се загрозат потребите на идните генерации“.

Главниот чекор кон операционализирањето на овој концепт на одржлив развој е децентрализацијата на општествата, бидејќи без негова широка примена на микрониво, тој не може да даде резултати на глобално ниво.

Поимот децентрализација (de и centrum, лат. – од центарот) е антипод (спротивен) на поимот централизација и претставува принцип или концепт на организација, што подразбира зголемување на надлежностите на периферните државни органи и недржавни институции во однос на централната

власт. До одреден степен тие останувaат во подредена позиција во однос на повисоките административни инстанци.
Со други зборови, децентрализацијата треба да се сфати како трансфер на функциите на власта, чие извршување останува под нехиерархиски надзор на преносителот на таа власт.
Таа е значаен фактор во демократизацијата на правниот поредок на секоја држава. Главната предност на децентрализираниот модел на одлучување и управување е во можноста оние што одлучуваат пообјективно да се информираат за предметот на нивното одлучување, како и поедноставно да се организираат и да се насочат во административното работење.
Со децентрализацијата, постои шанса за поефикасна комуникација меѓу инстанците од различни нивоа, но и за поголема транспарентност во извршувањето на надлежностите. Исто така, имплементацијата на овој концепт придонесува за полесно и поефикасно отстранување на воочените грешки поради отвореноста на институциите, блискоста со граѓаните и зголемување на нивната демократска одговорност.
Децентрализацијата во економијата и екологијата вклучуваат низа одлучни и темелни чекори:
Фокусирање кон локалната заедница, нејзините потреби и можности за развој при напуштањето на централизираните форми на организација.
Користење најсовремени научни и технолошки достигнувања во производството заради порационално





користење на енергијата и другите природни ресурси.
Максимално зголемување на средствата за креативност во науката, технологијата, културата и здравјето, со цел подобрување на квалитетот на животот и одржливиот развој.
Преиспитување на автентичноста и одржливоста на широкиот спектар на човековите потреби, нивно намалување и свесна трансформација.
Едукација за еколошки одржливиот развој и создавање одржливи еколошки ставови.
Во Рио де Женеиро во јуни 1992 година на Конференцијата на Обединетите нации за животна средина и развој (UNCED) е усвоена Агендата 21, која претставува акционен план за одржлив развој, во услови на децентрализирана држава.

# Генетски модифицирана храна

Човештвото се соочува со до сега невидени предизвици, како што се природните и еколошки катастрофи, доминација на политички, но и воени конфликти.
Но исто така непобитен факт е дека хуманата популација на нашата планета е во постојан и забрзан пораст. Истовремено, како последица на сè поголемото злоупотребување и деградирање на животната средина, доаѓа до радикално менување на климатските услови, земјоделските обработливи површини стануваат се поограничени, а со тоа и можностите за производство на храна стануваат сè помали.
Имајќи ги предвид предизвиците со кои сè повеќе се соочуваат современите општества поради овие последици, логично се поставува прашањето на кој начин може да се нахрани толкава популација кога условите и околностите за производство на храна не се подобруваат.
За решавање на овој навистина деликатен проблем, на можеби најзначајниот сегмент за опстанокот на човечкиот род, како и на нашата планета, почнува да се наметнува нужноста од барање алтернативни методи





за производство на храна.
Благодарение на многубројните научни достигнувања во областа на генетиката, посебно во сегментот на биоинженерингот, се јавува идејата за производство на генетски модифицирани организми (ГМО), при што, за да им се подобри квалитетот и отпорноста, им се менува нивната генетска структура.
Со ГМО се означува секој организам чиј генетски материјал е променет на неприроден начин со помош на техниките на генетскиот инженеринг, познати како: модерна биотехнологија, генска технологија или технологија за рекомбинирана ДНК.
На тој начин се создаваат генетски модифицирани растенија, кои се одгледуваат како земјоделски култури, а служат за производство на генетски модифицирана храна.
Денес сè повеќе се настојува да се подобри квалитетот на прехранбените производи со зголемување на нивната прехранбена, односно нутритивна вредност.
Познато е дека уште во минатото, во процесот на култивирање на земјоделските и градинарски растенија се користел методот на селекција (со избирање на определени видови растенија) со цел да се испита кој вид растение најдобро успева во определени климатски услови, како се справува со ендемските штетници и колкави приноси дава. Слични селекции биле правени и врз домашните животни.
Методот на генетско модифицирање на храната може да се толкува од позитивен и од негативен аспект.
Од позитивен аспект, производството на генетски

модифицираната храна има подобро влијание врз животната средина отколку конвенционалното. Со него се намалува потребата од искористување на големи површини почва (со што се зачувуваат шумите и другите зелени површини), се намалува употребата на пестициди и хербициди, потребно е помалку вода, се остваруваат повисоки приноси, финансиски е поисплатливо за земјоделците, резултира со намалување на емисиите на стакленички гасови итн.

Постои широк научен консензус дека од храната на пазарот добиена од генетски модифицираните растенија не постои поголем ризик за здравјето на луѓето отколку од конвенционалните производи.

Сепак, постои и отпор кон генетски модифицираната храна, особено кај општата популација. Причините за тоа ги вклучуваат проблемите со биосигурноста, еколошките и економските прашања.

За потенцијални опасности од производството и употребата на генетски модифицираната храна се сметаат: појавата на алергии, канцерогени тумори и резистентност кон определени медикаменти кај луѓето, намалувањето на биодиверзитетот, пренос на генот од растенијата во луѓето, штетното влијание врз животната средина итн.

Стравот и отпорот кон генетски модифицираната храна е резултат на недостигот на релевантни информации за темата. За решавање на овие проблеми е потребно информирање и едукација на пошироката јавност од квалитетни и релевантни научни извори.





# Движење за конзервација

Хармонијата што била присутна низ подолг период од историјата на релација човек – природа ја нарушил самиот човек со неконтролираниот урбан и индустриски развој, насочен кон неограничено акумулирање на добра и профит. Со безумното и прекумерно девастирање на биосферта, директно се загрозувал опстанокот на човечката популација, но и на другиот жив свет.

Во шеесеттите години на минатиот век почнала да се буди свеста на луѓето (најмногу во економски развиените земји) за последиците од таквото општествено однесување, кои предизвикале висок степен на загрозеност на природата. Благодарение на разбудената свест се појавиле нови идеи и се усвоиле нови вредности, кои им се спротивставиле на негативните тенденции што се случувале во социосферата на човековата животна средина.

Речиси истовремено почнало да преовладува општото

мислење дека политичките партии и државните управи од различни видови не можат во доволна мера да одговорат на настанатите предизвици и да го заштитат фундаменталното човеково право, правото на здрава животна средина. Од тие причини граѓаните почнале да се организираат во општествени групи, кои континуирано растеле и се развивале во еколошки општествени организации.

Со зголемената свесност за сериозноста на последиците од уништувањето на природните ресурси, како и потребата за самоорганизирано дејствување во насока на нивна заштита, се создале реални предуслови за основање на еколошките движења.

Заедно со другите алтернативни движења, во шеесеттите години од минатиот век еколошките движења доживеале ненадејна експанзија (иако нивните зачетоци може да се најдат уште во XIX век). Тогаш се појавило и протоеколошкото движење, познато како движење за конзервација (Conservation movement, Nature conservation).

Движењето за конзервација е познато и како движење за зачувување на природата е политичко, еколошко и социјално движење, кое се обидува да ги заштити природните ресурси и да управува со нив, вклучувајќи ги животинските и растителните видови, како и нивните живеалишта. Идејата на конзерваторите се состоела во водење грижа за зачувување на природата, која ќе биде оставена (како наследство за идните генерации) во подобра состојба од онаа во која се наоѓала.

Конзервацијата што се темелела врз доказ настојувала





да ги искористи висококвалитетните научни докази за што поефикасно спроведување на напорите за заштита на природата.

Раното движење за конзервација се развило поради неопходноста од зачувување на природните ресурси, како што се: рибарството, дивите животни, водата, почвата, шумите, како и одржливост на шумарството.

За разлика од раното движење, современото движење за конзервација ја проширило сферата на дејствување, особено на одржливоста при искористувањето на природните ресурси и заштитата на дивите области, со цел зачувување на биодиверзитетот.

Движењата за конзервација ги немале особеностите и формата на дејствување што се карактеристични за општествените движења, но сепак, со промовирањето на своите идеи и вредности, успеале да се спротивстават на неповолните општествени текови. Од нив подоцна ќе се искристализираат вистинските еколошки движења.

Движењата за конзервација, за разлика од социјалните движења, имале „ограничен дискурс“. Во нивните идеи тие ја прославувале природата „по себе“ и не можеле пошироко да нурнат во општествени причини и последици за уништувањето на животната средина.

Недостатокот на нивните активности се гледа во тоа што биле краткорочни и прагматични, користеле конвенционални политички методи и имале олигархиска организациска структура.

Сепак, гледајќи наназад низ историјата, тие постигнале определени успеси со своите активности. На пример, во 1872 година во американската држава Вајоминг,

Националниот парк Јелоустоун (Yellowstone National Park) бил прогласен прв национален парк во светот.
Кога Теодор Рузвелт ја презел функцијата претседател на САД во 1901 година, успеал да го убеди Конгресот да донесе неколку конзерваторски закони.
Општествените и политичките движења претставуваат значаен општествен феномен, бидејќи резултираат со масовна политичка мобилизација на активистите, следбениците и обичните граѓани, кои можат да извршат квалитетен притисок врз институциите на системот, со цел благосостојба и достоинствен живот за сите.





# Кои се најпознати слогани на зелените низ светот?

Презентацијата и популаризацијата на активностите, идеологиите, политичките ставови и цели на граѓанските движења и политичките партии, со цел нивниот имиџ и позиции да станат препознатливи и прифатени во мултидимензионалниот јавен простор, не можат да бидат целосно успешни доколку не се преточени во синтетизирани, кратки и концизни пораки, прифатливи и атрактивни слогани, кои се лесни за паметење.
Слоганот дефинира одредена мисла, состојба или филозофија со која се предизвикува одреден ефект, се поттикнува комуникација, но и се повикува на реакција, односно акција.
Со често повторување на слоганите, се зголемува мотивацијата на поддржувачите на определен политички ангажман и мобилизирањето во специфични политички акции.
Слоганите на зелените се моќни, влијателни и лесни

за паметење, имаат форма на изјави, извици, па дури и прашања.
Тие претставуваат повик за освестување и зачувување на убавината и оригиналноста на природните ресурси.

**Примери за такви слогани:**

- Природата е неверојатно убава, сакајте ја и не уништувајте ја залудно!
- Ја заштитуваме природата – ја заштитуваме нашата татковина.
- Среќни се сите што ја сакаат природата!
- Ние ѝ помагаме на природата, ја штитиме, ја заштитуваме нашата куќа од тажни последици!
- Мора да ја заштитиме планетата, бидејќи нема друга како неа!
- Оној што ја чува природата, живее во хармонија со себе!
- Исчистете го ѓубрето и не дозволувајте другите да го остават!
- Чувајте ја вашата околина чиста како што одржувате чист паркетот во вашиот дом.
- Чистата околина е клучот за здравјето на сите луѓе. Вие не сте исклучок.
- Не дозволувајте олукот да се претвори во океан.
- Природата е одраз на нашата душа. Почесто гледајте се во огледало и обрнете внимание на одразот.
- Чистата вода ќе ве спаси, валканата вода ќе ве убие!
- Човек без вода е како дрво без корени.
- Потрошувачка – не, заштеди – да! Осигурете се дека





водата не капе од чешмата!

- Водата е без мирис и безбојна. Но без неа, личноста не може ниту да живее, ниту да ужива во светлите бои на природата, ниту да ги мириса мирисите на цвеќињата и растенијата.
- Секој има потреба од воздух, гледај го, пријателе!
- Секој сака да дише. Секој нека ја следи чистотата на воздухот.
- Воздухот е богатство што не можете да го купите за пари.
- Тој е транспарентен и без вкус, но е многу неопходен за живот.
- Ако сакате да јадете здрав, незагаден леб, не контаминирајте ја почвата.
- Запомни! Човекот е она што го јаде. Не сакате да бидете отруени внатре – грижете се за почвата!
- Ако планирате да живеете долг и среќен живот, запомнете дека неговиот квалитет директно зависи од чистотата на околината.
- Парче хартија фрлено во ѓубре може да зборува за многу поголем патриотизам отколку тробојка во автомобил, бидејќи вистинската љубов кон татковината започнува со љубов кон родниот крај.
- Не биди толку злобен, стани зелен.
- Станете зелен и сортирајте го ѓубрето!
- Станете зелен, рециклирајте го животот!
- Придружете ѝ се на зелената страна.
- Бидете смирени и само позеленувајте!
- Одржувајте зелена боја и одржувајте ја нашата планета чиста.

- Детски зелен тим! Посветени сме на планетата!
- Нозе + педали = чиста зелена енергија!
- Живејте зелено бидејќи нема друга планета на која може да живеете.
- Направете ја зелената ваша омилена боја.
- Не постои планета Б
- Добре дојдовте во зелениот тим.
- Вистински конзерватор е човек што знае дека светот не му е даден од неговиот татко, туку е позајмен од неговите деца.
- Пред да тргнеме во потрага по живот на други планети, можеме ли да престанеме да го убиваме животот на оваа?
- Земјата е создадена за сите нас, не само за некои од нас.
- Зелената е главната боја на земјата и од која произлегува целата убавина.
- Не сакам да ја заштитам животната средина, сакам да создадам свет каде што животната средина нема потреба од заштита.
- Се заложувам за верност кон Земјата и целиот живот што таа го поддржува. Една планета, под наша грижа, незаменлива, со храна и почит кон сите.
- Ако мислите дека околината е помалку важна од економијата, обидете се да го задржите здивот додека ги броите парите.
- Биди чист, стани зелен.
- Бидете пријателски настроени кон земјата.



Зелена читанка

- Со рециклирање, можете да се промените утре, денес.
- Чист град – зелен град.
- Исчистете ја земјата, тоа е единствениот дом што го имаме.
- Не бидете ѓубре – рециклирајте!
- Не бидете злобни, бидете зелени.
- Тешко се наоѓаат добри планети.
- Зелената е омилена боја на СВЕТОТ.
- Не е лесно да се биде зелен.
- Иднината е Зелена.
- Времето е единственото нешто што не можеме да го рециклираме.

# РЕЧНИК/ПОИМНИК

**екосистем** - основна функционална единица во екологијата што ги вклучува организмите (животната заедница) и животниот простор (абиотичкото (нежива природа) опкружување).

**циркуларна економија** - управување со ресурсите што се ограничени, нивно максимално искористување, минимално создавање отпад и негово трансформирање во ресурси.

**еколошка деградација** - намалување на способноста на животната средина да ги исполни социјалните и еколошките цели и потреби.

**длабока екологија** - општествено движење што се заснова врз верувањето дека луѓето мора радикално да го променат својот однос кон природата.

**зелени вредности** - посебни вредности, кои упатуваат на тоа како да се води квалитетен и добар живот во согласност со природата, во амбиент на демократско општество и ненасилство.





**зелена политика** - алтернативна политичка идеологија, нуди решенија за имплементација на еколошки одржливо општество, втемелено во животната средина, во амбиент на почитување на зелените вредности.

**циркуларна економија** - модел што води кон обнова на екосистемите, но и се стреми кон воведување иновации и влијае врз промената на навиките на општеството.

**социјална правда** - еднаков и праведен однос меѓу поединецот и општеството, определба за еднакво достоинство и еднакви можности за живот.

**еднаквост** - принципот на еднаквост во остварувањето на човековите права е модерно достигнување на меѓународната заедница.

**слобода** - се однесува на отсуството на непотребни ограничувања и можноста за остварување на правата (слобода на говор, слобода на движење) и овластувањата на граѓаните.

**дискриминација** - претставува нееднаков третман кон поединци или општествени групи, врз основа некоја од нивните лични карактеристики.

| |
|---|
| **демократија** - форма на општествено владеење и уредување, кое е во согласност со волјата и потребите на народот. |
| |
| **човекови права** - цивилизациска придобивка и вредност, а нивното обезбедување, почитување и заштита се мисија и крајна цел на сите современи демократски општества. |
| |
| **климатски промени** - долгорочни промени во глобалната или регионалната клима, кои најчесто се случуваат поради раст на глобалната температура. |
| |
| **национализам** - идеологија или политичко движење што промовира единство на нацијата, нејзините интереси, права или политички цели, разбирање на заедничкото минато, како и односите со другите нации и држави, односно нејзиниот колективен идентитет. |
| |
| **феминизам** - збир на идеологии и движења насочени кон дефинирање, воспоставување и застапување на еднакви политички, економски, културни и социјални права на жените со мажите, со цел нивно ослободување од насилство, сексизам и традиционалните женски улоги. |





| |
|---|
| **глобална одговорност** - да се цени и да се почитува светот околу себе, светот од кој сме дел сите и за чие подобрување треба активно да се вклучиме и да учествуваме (сите граѓани, општествени заедници, институции на системот, бизнис-секторот), секогаш имајќи ги на ум солидарноста и општото добро. |
| |
| **одржлив развој** - развој што ги задоволува потребите на сегашните генерации, без притоа да ги загрозува можните идни генерации во задоволувањето на своите потреби. |
| |
| **децентрализација** - принцип или концепт на организација, што подразбира зголемување на надлежностите на периферните државни органи и недржавни институции во однос на централната власт. |
| |
| **конзервација** – зачувување / движење за конзервација - заштити природните ресурси и да управува со нив, вклучувајќи ги животинските и растителните видови, како и нивните живеалишта |

# КОРИСНИ ИЗВОРИ

**Зелен ЦИВИЛ** – www.greencivil.mk

**Фондација Хајнрих Бел – Сараево** - www.ba.boell.org

**УНЕСКО** – www.unesco.org

**World Wild Life** – www.worldwildlife.org

**International Renewable Energy Agency** – www.irena.org

**Research Gate** – www.researchgate.net

**Светски институт за ресурси** – www.wri.org

**НАСА** – www.climate.nasa.gov

**Green Peace** – www.greenpeace.org

**Обединети нации** – www.un.org

**Европска комисија** – www.ec.europa.eu

**Европски парламент** – www.europarl.europa.eu

**Зелените на Европа** – www.greens-efa.eu

**Green New Deal** - https://www.gp.org/green_new_deal

**Светска организација за животна средина** - https://worldenvironmentorganisation.weebly.com





**Европската агенција за животна средина** – http://www.pemsea.org

**Програма на Обединетите нации за животна средина** – https://www.unep.org

**Меѓународна унија за зачувување на природата** – https://www.iucn.org

**Меѓувладин панел за климатски промени** – https://www.ipcc.ch

**Глобален институт за зелен раст** – https://gggi.org

**Проект за управување со системот на Земјата** – https://www.earthsystemgovernance.org

**Глобална алијанса за здравје и загадување** – https://gahp.net

## Зелена читанка – придонес кон разбирањето на зелените прашања и зелените вредности

Врз основа на искуството на Зелен ЦИВИЛ во комуникацијата со граѓанките и граѓаните, политичките и претставниците на граѓанските организации, како и од мониторингот на медиумите, изборните и политичките процеси, може со сигурност да се извлече заклучокот дека недостига основно разбирање и знаење за тоа што значат зелените вредности. Едноставно, луѓето немаат доволно информации за идеите, политиките и практиките во врска со зелените прашања и зелените вредности. Тие обично го ограничуваат нивното разбирање и дискусии за комунални прашања, како што е менаџирањето со отпадот или, во најдобар случај, загадувањето на воздухот.

Носителите на одлуки, засегнатите страни и јавноста имаат потреба од основни информации и знаења, со цел да ги канализираат своите постапки, врз основа на релевантни информации и факти. Исто така, недостига специјализиран медиумски простор за вести и мислења за зелените вредности во земјата, особено во однос на поврзаноста помеѓу прашањата за човековите права и другите области за тоа што претставуваат зелените прашања и зелените вредности.

Тој недостиг го надополнува ЦИВИЛ, барем делумно, со веб страницата на македонски, албански и англиски – WWW.GREENCIVIL.MK.

Дури и со најдобри намери, носителите на одлуки би можеле да направат сериозни грешки во практикувањето на моќта на локално и централно ниво, особено во доменот на зелените прашања. Ова ги вклучува и очигледните недоразбирања за тоа што зелените прашања и зелените вредности, всушност, значат и што сè инкорпорираат во нивните дефиниции. Забележливо е дека дел од проблематичните одлуки на централно и локално ниво се должат отсуство на вистинско разбирање на одржливоста и меѓусебната поврзаност со другите релевантни сфери на социо-политичкото дејствување во општеството. Повеќе од итна е потребата да се разбере меѓусебната поврзаност, односно неделивост на областите како што се социјалната и еколошката правда, антинационализмот, владеењето на правото, родова еднаквост и антидискриминација. Тие и не само тие се дел од зелените политики.

Оваа публикација е обид да се придонесе кон подобро разбирање на зелените прашања и зелените вредности.



ISBN-10 608-4815-36-7
ISBN-13 978-608-4815-36-5
EAN 9786084815365

Photo by Muhammed Zafer Yahsi on Unsplash